# СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014-2020 Г.

Изготвена со поддршка од
Европската фондација за обука

ETF Working together Learning for life

**Скопје, ноември 2014 година**

# СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2014-2020 Г.

Изготвена со поддршка од
Европската фондација за обука

Working together
Learning for life

**Скопје, ноември 2014 година**

**Стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија 2014 – 2020 е изготвена со поддршка од Европската тренинг фондација, Торино, Италија. Европската тренинг фондација е агенција на Европската Унија (ЕУ) која им помага на земјите во транзиција и развој да го искористат потенцијалот на човековиот капитал преку реформи во системите на образование, обуки и пазарот на труд во контекст на надворешните политики на ЕУ.**

# СОДРЖИНА


Благодарност ... vii
Кратенки ... ix
1. Вовед ... 1
1.1 Преглед на ситуацијата во земјава и цел на стратегијата ... 3
1.2 Корелација со други релевантни стратегии и документи во Република Македонија ... 5
2. Визија, Мисија и основни цели ... 10
2.1 Визија за претприемачко учење ... 10
2.2 Мисија за претприемачко учење ... 10
2.3 Основни цели ... 11
3. Претприемачкото учење како клучна компетенција ... 13
4. Клучни партнери и одговорности ... 17
4.1. Меѓуресорска група за ПУ ... 17
4.2. Други национални засегнати страни ... 19
4.3. Меѓународни партнери и експерти ... 20
5. Предизвици ... 22
6. приоритетни области ... 24
6.1 Основно и предучилишно образование ... 26
6.2 Средно образование ... 27
6.3 Универзитети ... 27
6.4 Неформално и неофицијално образование ... 28
6.5 Претприемачи ... 29
7. Цели и временска рамка ... 31
7.1 Долгорочни цели: 2018 - 2020 ... 31
7.2. Среднорочни цели: 2016 - 2018 ... 33
7.3. Краткорочни цели: 2014 - 2015 ... 35
8. Градење на одржлива средина за претприемачко учење ... 36
8.1 Клучни показатели на влијанието и клучни цели (очекувани резултати, непосредни резултати и исходи) ... 37
8.2 Напредок ... 41
8.3 Оценување ... 41
9. Финансирање ... 42
10. Следни активности ... 43
11. Користена литература ... 44



**Д-р Ѓорге Иванов**

**Претседател на Република Македонија**



**М-р Владимир Пешевски**

**Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања**



**М–р Абдилаќим Адеми**

**Министер за образование и наука**



**М-р Беким Незири**

**Министер за економија**



**Диме Спасов**

**Министер за труд и социјална политика**

# Благодарност

Креирањето на секој стратешки документ на национално ниво претставува голем предизвик. Од друга страна, овој документ адресира широк спектар на предизвици: процесите за менување на начинот на размислување кај населението (особено меѓу младите), проблемот на невработеноста и зајакнувањето на доживотното учење. Во кратки црти, оваа стратегија има потенцијал да придонесе кон одржливиот економски развој и благосостојбата на земјата. За да се остварат овие очекувања потребна е високо квалитетна, кохерентна и реалистична стратегија.

Националната стратегија за претприемачко учење 2014-2020 г. е патоказот за исполнувањето на горенаведените претпоставки.

Тимот што работеше на изготвувањето на оваа национална стратегија ја изразува својата искрена благодарност на Министерството за образование и наука на Република Македонија за нивната визија за започнување на овој процес и за нивното водство и поттикнување во текот на целиот процес во последниве 18 месеци.

Европската фондација за обука (ЕТФ) ја прифати иницијативата на Министерството за образование и наука на Република Македонија и со полн капацитет (од аспект на финансии, техничко знаење и експертиза) даде силна поддршка за нејзиниот развој во текот на сите фази. Посебна благодарност им изразуваме на експертскиот тим на ЕТФ, предводен од Едуарда Кастел Бранко, Кристиен Ван ден Ејнде, Ентони Грибен и Гаврил Ласку.

Центарот за претприемачко учење за земјите од Југоисточна Европа (SEECEL) даде значителен придонес кон изготвувањето на овој стратешки документ. Голема благодарност до целиот тим на SEECEL (г-ѓа Ефка Хедер, г-ѓа Маја Љубиќ, г-ѓа Соња Сегвиќ и г-дин Игор Николоски).

Ни претставуваше особено задоволство што во неколку наврати имавме посети на експертите за претприемачко учење од Обединетото Кралство, проф. Енди Пеналуна и проф. Кетрин Пеналуна. Тие искористија дел од своето присуство во Македонија да дадат исклучително корисен инпут за стратегијата. Ја изразуваме нашата искрена благодарност кон Енди и Кет.

Претприемачкото учење опфаќа многу дисциплини. Оттаму, целосното вклучување на поголем број засегнати страни беше нужно за да се добие увид во сите аспекти на претприемачкото учење. Во текот на целиот процес (кој вклучуваше 4 работилници и повеќе од стотина непосредни контакти со различните засегнати страни, како и повратни информации преку Facebook и Twitter заедницата) се примаат значајни податоци, вклучувајќи и различни ставови, а често и спротивставени мислења, што значително го збогати изготвувањето на стратегијата. Списокот со сите вклучени страни е премногу долг за да биде вклучен во овој дел и затоа овде изразуваме колективна благодарност до сите нив.

На крајот, тимот што беше вклучен во изготвувањето на Националната стратегија за претприемачко учење би сакал да ја изрази својата најискрена благодарност за целосната поддршка во текот на сите фази на изготвувањето на овој стратешки документ на тимовите на:

Претседателот на Република Македонија, г-дин Ѓорге Иванов,

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања, г-дин Владимир Пешевски,

Министерот за образование и наука, г-дин Абдилаќим Адеми

Министерот за економија, г-дин Беким Незири, и

Министерот за труд и социјална политика, г-дин Диме Спасов.

За сите останати што не се спомнати овде, а дадоа значаен придонес во текот на изготвувањето на стратегијата, едно големо БЛАГОДАРИМЕ.

проф. д-р Радмил Поленаковиќ

д-р Драган Шутевски

## Кратенки

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| АППРМ | Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија |
| АМП | Акт на ЕУ за малите претпријатија |
| БРО | Биро за развој на образование |
| БСЦ | Бизнис стартап центар |
| ЕТФ | Европска фондација за обука |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЕЛС | Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија |
| КЗПВЕП | Кабинет на заменикот на претседателот на Владата за економски прашања |
| МЕ | Министерство за економија |
| МК | Македонија |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| МРФП | Македонска развојна фондација за претпријатија |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| НВО | Невладина организација |
| НКИП | Национален комитет за иновации и претприемништво |
| НМЕП | Национална мрежа на едукатори за претприемништво |
| НСПК | Национален совет за претприемништво и конкурентност |
| НЦРИПУ | Национален центар за развој на иновации и претприемачко учење |
| ПО | Претприемачко образование |
| ПУ | Претприемачко учење |
| SEECEL | Центар за претприемачко учење за земјите од Југоисточна Европа |
| СОО | Стручно образование и обука |
| СДИ | Странски директни инвестиции |
| ЦОВ | Центар за образование на возрасни |

# 1. ВОВЕД

На крајот на 2012 година **Министерството за образование и наука** (МОН) изрази интерес да соработува со Европската фондација за обука (ЕТФ) за изготвување на првата Стратегија за претприемачко учење (ПУ) за земјата. Одговарајќи позитивно на ова барање, ЕТФ учествуваше преку директни упатства, споделување на своето знаење и добрите практики и обезбеди техничка експертиза и контрола на квалитетот во целиот тек на изготвувањето на стратегијата. Во декември 2012 година ЕТФ ја поддржа организацијата на првата работилница со широка група засегнати страни, вклучувајќи ги и младите претприемачи. Работилницата доведе до идентификација на повеќе столбови кои беа предмет на дискусиите за планирање во следната фаза, од што на крајот произлезе стратегијата за претприемачко учење. На работилницата, исто така, беа подвлечени неколку предуслова за исполнувањето на стратешките приоритети. Тие вклучуваа: а) преземање раководна улога во реформските активности од страна на образовните власти, б) партнерство со останатите актери во претприемачкиот екосистем, особено од деловната заедница, и в) осигурување дека наставата за претприемаштвото го поддржува претприемаштвото што е мотивирано како од потребата, така и од можностите.

Втората работилница беше одржана во април 2013 година. Нејзината главна цел беше презентирањето на предложените почетни активности за изготвувањето на Стратегија за претприемачко учење на Република Македонија. Во текот на работилницата експертските тимови се претставија себеси и своите улоги и потоа го опишаа севкупниот концепт на проектот и планираните крајни резултати. Експертите исто така ги презентираа методологијата, пристапот и роковите кои што ќе се користат за развојот и следењето на подготовката на стратегијата за ПУ. Работилницата доби извонреден одзив кај учесниците кои дадоа свои идеи, кои потоа беа вклучени во самиот развој на стратегијата.

Во периодот меѓу април и јуни 2013 година беа изготвени повеќе различни електронски алатки за вмрежување заради прибирање на дополнителни информации и идеи од страна на сите засегнати страни. Овие алатки служеа како надополнување на теренските истражувања што ги спроведоа експертите со цел да се дефинираат основите за подготовка на оваа стратегија.

По прибирањето на информациите и идеите преку алатките за мрежно поврзување и теренските посети во текот на овој период, експертите го подготвија извештајот за добрите практики за ПУ, кој беше презентиран на третата работилница во јули 2013 година. Конечниот документ од анализата на добрите практики за ПУ потоа беше ажуриран со препораките и идеите од учесниците на третата работилница и служеше како основа за креирањето на оваа стратегија за претприемачко учење.

Учесниците во работилниците што зедоа активно учество во креирањето на оваа стратегија вклучуваа претставници од водечките државни институции (Министерство за образование и наука, Министерство за економија, Министерство за труд и социјална политика, Кабинет на Заменик премиерот за економски прашања), Сојузот на Стопанските комори на Македонија, Стопанската комора на Република Македонија, Комората на Северозападна Македонија, организации на работодавачите, организации за поддршка на деловната заедница, основни и средни училишта, универзитети, Бирото за развој на образованието, Центарот за образование на возрасни, Центарот за средно стручно образование, Агенција за вработување на Република Македонија, Агенција за промоција на претприемништвото во Република Македонија, млади

претприемачи, ЕТФ, претставници на донаторските организации, општините и останатите релевантни институции.

Претприемаштвото се препознава како една од најважните проблематики на модерната економија; меѓутоа, истовремено тоа е познато и како една од најсложените области. Стратегијата за претприемачко учење[1] (ПУ) има за **цел да ја зголеми самодовербата за претприемачките потфати на сите граѓани при што ќе ги оспособи да имаат целосна и ефективна улога во идниот развој на економијата и заедницата**. Претприемаштвото претставува начин на размислување и однесување; се работи за идентификување на можностите, составување тим, обезбедување ресурси, како да се биде позитивен, како да се преземаат ризици и како да се создава подобра иднина.

Поседувањето вештини и аспирации за развивање успешна економија што е составена од високо конкурентни и иновативни претпријатија кои генерираат квалитетни работни места и одржлива благосостојба за сите граѓани е прашање од висок приоритет за секоја земја. Во практична смисла, претприемаштвото може да се примени во повеќе различни економски контексти како што се социјално претприемаштво, претприемаштво во јавниот сектор, претприемаштво во рамките на организацијата, претприемаштво во креативните индустрии и многу други контексти.

Најголемиот број на земјите од Европската Унија (ЕУ) сè уште немаат донесено стратегии за претприемачко учење, без оглед на многуте повици и извештаи од страна на Европската комисија засновани на факти во кои е неспорна потребата од ваква стратегија. Овие извештаи ги нагласуваат суштинските придобивки од претприемачкото образование за националните економии и за младите луѓе во една земја. Некои земји (како што се Норвешка, Финска, Данска, Велс, итн.) веќе ги препознаа придобивките од стратегијата за претприемачко учење и успешно спроведуваат политики кои –им овозможуваат на сите ученици да добиваат определена форма на претприемачко образование во текот на своето формално образование. Додека овие земји имаат јасни стратегии во однос на претприемачкото образование, некои други земји поседуваат широка низа од поединечни иницијативи што се спроведуваат во секундарното и терцијарното образование, но тие сепак немаат кохерентна и сеопфатна стратегија. Треба да се нагласи дека некои од овие земји се во процес на адресирање на ваквиот недостаток; на пример, во Англија беше основана Сепартиска парламентарна група[2] што треба да изготви предлог политики, а Министерството за деловни иновации и вештини веќе започна да работи врз основа на прввичните наоди на оваа група.

Според професорот Томас Куни „*Примарната цел на претприемачкото образование не е едноставно да ги наведе сите граѓани да отворат свои бизниси туку да им даде на младите луѓе способност да размислуваат позитивно, да бараат можности за реализирање на идеите, да имаат самодоверба за постигнување на своите цели и да ги искористат своите таленти за изградба на подобро општество (како од економска, така и од социјална гледна точка). Тоа, исто така, препознава дека учениците и студентите од сите академски*

---

[1] Дефиницијата за претприемачко учење и разликата меѓу ПУ и претприемачко образование се дадени во дел 3 на овој документ

[2] Сепартиска парламентарна група за микро претпријатија на Владата од Вестминстер, подгрупа за образование.

*профили може да бидат дел од овој процес и дека успехот не зависи од академските резултати туку од тоа како луѓето ќе го живеат својот живот.*[3]"

Подетален преглед на активностите за претприемачко учење во меѓународен контекст е даден во делот 1.2.

## 1.1 Преглед на ситуацијата во земјава и цел на стратегијата

Бизнис окружувањето во земјава значително се подобри во последните неколку години, особено во областите како што се даночната администрација, поедноставување на прописите за регистрирање на претпријатијата и за царинските постапки. Тоа допринесе земјата повторно да биде високо рангирана во последниот извештај насловен како „Водење бизнис" на Светската банка во 2014 година (25-та земја од 189 економии). Меѓутоа,  еден од главните проблеми што треба да се земе предвид е високата стапка на невработеност.

Република Македонија е земја со стапка на невработеност што изнесува околу 28 %. Невработеноста е особено распространета помеѓу младите, руралното население, етничките малцинства и луѓето со понизок степен на образование, па оттаму, еден од главните предизвици на Република Македонија е креирањето работни места. Овие предизвици може да се адресираат единствено преку отворање нови работни места при што големо влијание ќе имаат и зголемените претприемачки активности на сите граѓани.

Во врска со оваа висока стапка на невработеност во земјата, мора да се земат предвид и многуте институции во креирањето на политиките што се поврзани со претприемаштвото, иновациите, зголемувањето на конкурентноста и развојот на човековиот капитал за да се одговори на идните предизвици (видете точка 4: Клучни партнери и одговорности).

Од Индексот за политиките за мали и средни претпријатија во 2012 година[4], очигледно е дека сѐ уште постои простор за подобрување во димензијата 1) „Претприемачко учење и женско претприемаштво" и димензијата 8а) „Достапни вештини во претпријатијата". Конкретно, идентификувана е потребата за подобрувања во процесот на претприемачкото учење. Спроведувањ*ето на оваа стратегија се очекува да ги отстрани недостатоците од последниот извештај за Индексот за политики за МСП од 2012 година, особено преку создавање систематски врски меѓу формалното образование и потемелно интегрирање на искуството и најдобрите практики од регионот (преку SEECEL) во реформите на формалниот образовен систем. Од друга страна, соработката помеѓу формалното, неформалното образование и деловниот сектор ќе овозможи вградување на реалните потреби за претприемачки  вештини во самиот образовен систем.

Според тоа, главните начела на овој стратешки документ се засноваат врз спроведеното сеопфатно теоретско и практично истражување, поткрепено со меродавна литература поврзана со ПУ. Тие начела се:

---

[3] Thomas Cooney: The Need for Countries to Adopt an Entrepreneurship Education Strategy (http://sponsor.ja-ye.org/pls/apex31mb/f?p=17000:1003:477605035115808:::1003:P1003_HID_ID,P1016_HID_INSTITUTION_ID:12417,31743)

[4] http://www.oecd.org/globalrelations/psd/SMEWBalkansTurkey.pdf

- **Градење силна свесност кај сите граѓани, без оглед на нивната возраст, верска или национална припадност, дека претприемаштвото може да се научи и дека претприемачите може да „се создадат“.** Важно е да се изгради поголема свесност на сите нивоа, така што секој ќе биде способен да го примени доживотното учење во врска со претприемачкото учење – не само во однос на формалното, туку и со неформалното образование. Од другата страна, постојните и потенцијалните претприемачи, без оглед на својата возраст, ќе треба да бидат свесни дека може да го постигнат својот претприемачки успех и дека имаат на располагање знаење за постигнување на тој успех. Креаторите на политиките и просветните работници исто така ќе треба да бидат свесни за важноста на претприемачкото учење во создавањето на благосостојба од полза за општеството воопшто.

- **Поддршка за креирање на иновативно општество со високо креативни и потковани со знаење личности.** Иновирањето е процес што во голема мерка е поврзан со претприемаштвото, или, како што вели Питер Дракер[5] „иновацијата е специфичен инструмент на претприемаштвото... постапка што на ресурсите им дава нови капацитети за креирање богатство“. Развојот на високоразвиено иновативно општество е уште едно прашање на коешто овој стратешки документ се стреми да даде одговор.

- **Практично ориентирани програми за олеснување на претприемачкото учење во формалното образование - бидејќи учењето за претприемаштвото и иновации во формалното образование е посложено во споредба со останатите предмети.** Процесот на претприемачкото учење бара спроведување значителни промени на повеќе докажани/традиционални образовни техники и методи. Програмите што се однесуваат на претприемачкото учење ќе треба да бидат колку што е можно повеќе практично ориентирани и да вклучуваат повеќе партиципативни методи, засновани врз вистинскиот работен живот, како и методи што ги моделираат или симулираат реалните претприемачки искуства.

- **Успешното спроведување на оваа стратегија ќе обезбеди опкружување кое ќе поттикнува соработка помеѓу клучните засегнати страни.**[6] Вмрежувањето и размената на различните искуства или најдобри практики се еден од најдобрите можни начини за спроведување на процесот за постојано подобрување на претприемачкото учење. „Она што е важно или релевантно за претприемачкото учење денес ќе биде застарено утре“.

- **Спроведувањето на најдобрите практики за претприемачко учење бара развој на соодветни/усогласени алатки за следење, мерење и добивање повратни информации** за да се обезбеди дека мерењето на резултатите се прави за сите релевантни активности што се поврзани со претприемачкото учење. Системите за следење ќе треба да дадат одговор на прашањата како што се: колку мали претпријатија биле отворени; колку од нив ги преживеале првите години на работењето; колку нови можности за вработување биле креирани, итн. Покрај мерењето на овие мерливи „тврди“ резултати, важно е, исто така, да се разбере и мапира развојот на „меките“ вештини. Потребни се внимателно проектирани и

---

[5] Peter Drucker: Innovation and Entrepreneurship, 1985

[6] Еден од најголемите успеси во Обединетото Кралство е образованието на родителите и на локалната заедница, кои, за возврат, се враќаат во средините за учење за да го помогнат развојот (видете: http://www.readyunlimited.com)

соодветни системи за евалвација што ќе овозможат фазно/развојно усогласување на целиот процес на учење, така што ќе може да се разбере и оцени инкременталното учење.

- **Наставниците по претприемаштво се клучни за ефективната стратегија за претприемачко учење.** Фокусот ќе треба да биде ставен на подобрувањето на компетенциите, осигурувајќи го развојот на одржливи мрежи на обучувачи на наставници кои ќе бидат одговорни за развој и споделување на нови наставни техники поврзани со претприемачкото учење овозможувајќи континуирано претприемачко учење (*на едукаторите им се потребни значителна обука и упатства - тие не се повеќе чувари на знаењето - тие треба да ги оспособуваат „жетварите на знаењето“*)[7].

Стратегијата за претприемачко учење ќе осигури систематска поддршка од сите засегнати страни во едно окружување базирано на соработка, што ќе вклучува високо ниво на свесност на сите засегнати страни (деца, родители, наставници, локална заедница...). Од другата страна, преку овој стратешки документ и акцискиот план ќе се добие појасна слика за потребните финансиски средства во следниот временски период при спроведувањето на стратегијата. Подоброто оспособување и доживотното обучување на наставниците со соодветна пофлексибилна наставна програма дополнително ќе го подобри севкупниот екосистем (економски систем) за претприемачко учење во Република Македонија.

Овој стратешки документ се заснова врз сеопфатно истражување што беше спроведено во текот на периодот од март до септември 2013 година. Истражувањето вклучува анализа на најдобрите практики за стратегии за ПУ и поголем број врвни научни трудови поврзани со претприемачкото учење, разговори со сите релевантни засегнати страни, прашалници, онлајн форум и заедница на социјалните медиуми.

## 1.2 Корелација со други релевантни стратегии и документи во Република Македонија

### Корелација со главните национални стратегии и документи

Во Република Македонија веќе има многу стратегии и документи што во определени делови се поврзани со претприемачкото учење и со овој стратешки документ. Заради поголема концизност, ќе бидат наведени само најрелевантните од нив:

- **Програма за работа на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 година.** Две од петте стратешки цели на оваа програма за работа се зголемувањето на економскиот раст и вработеноста, како предуслов за пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот, како прва стратешка цел, и инвестирање во образованието, науката и информатичката технологија како елементи на општеството што се заснова врз знаење, како петта стратешка цел. Стратегијата за претприемачко учење, ќе го поддржи идното исполнување на стратешките цели на Владата на Република Македонија.

---

[7] Michael Barber, Katelyn Donnelly, Saad Rizvi: An Avalanche is Coming – Higher Education and the Revolution Ahead, Institute for Public Policy Research, March 2013

- **Повеќегодишна оперативна програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 година** (програмскиот документ и неговите две ревизии). Еден од стратешките приоритети на овој документ е образованието и обуката – инвестирање во човечкиот капитал преку подобро образование и вештини. Стратегијата за ПУ ќе даде директен придонес преку модернизацијата на системот за образование и обука на Република Македонија и унапредување на доживотното претприемачко учење.

- **Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија.** Еден од стратешките концепти во оваа стратегија е рационализирањето на приватниот сектор и градење на свесноста за одржливиот развој во Република Македонија. Стратегијата за ПУ може дополнително да го подобри исполнувањето на овие стратешки цели.

- **Акцискиот план за вработување на младите 2015 година**, исто така, упатува на реформи на системот за образование и обука што ги адресираат доживотното учење и потребите за вработување на младите луѓе што се надвор од формалниот образовен систем. Од друга страна, овој план, исто така, има уште една приоритетна цел за поттикнување на вработеноста на младите преку развој на приватниот сектор. Стратегијата за претприемачко учење ќе стане една од клучните движечки сили за поддршка на спроведувањето на овој план.

- **Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјална вклученост 2010-2020 година**. Оваа стратегија ги има како своја главна стратешка цел намалувањето на сиромаштијата и социјалната вклученост во Република Македонија преку подобро искористување на достапните човечки и материјални ресурси, подобрување на условите за живот, работа и социјалните услови за сите граѓани, заедничко дејствување на системот и институциите во функција на забрзаниот развој, повисок стандард и подобар квалитет на живеење. Постојат 14 клучни области во стратегијата, при што вработувањето е првата, сузбивањето на неформалната економија и зајакнувањето на претприемаштвото е втората и пазарот на трудот е третата клучна област. Стратегијата за претприемачко учење ќе има активна улога во поддржувањето на сите три клучни области.

- **Национална стратегија за развој на образованието 2005 – 2015 година**. Стратегијата за претприемачко учење може да помогне во промовирање на културата на живеење како една од клучните области за интервенции во Националната стратегија за развој на образованието во Република Македонија, особено преку поврзување на формалното и неформалното образование и промовирање на доживотното учење и образованието за возрасни. Останатите клучни области врз коишто стратегијата за ПУ ќе има силно влијание е зголемувањето на социјалната вклученост, подобрувањето на конкурентноста на македонското општество и унапредувањето на меѓународната соработка.

- **Стратегија за иновации на Република Македонија 2012 – 2020 година.** Оваа стратегија ја зема предвид тековната состојба на развојот во Република Македонија за да осигури дека политиките за унапредување на иновациите се фокусирани и релевантни за земјата. Во согласност со стратегијата, до 2020 година Република Македонија ќе поседува ефективен национален систем за иновации што е заеднички креиран од сите засегнати страни и е отворен кон светот. За исполнување на оваа визија, во стратегијата се утврдени четири стратешки цели: 1. Зајакнување на склоноста на бизнис секторот за внесување иновации во работењето; 2. Зајакнување на човечките ресурси за иновации; 3. Создавање регулаторно опкружување за поддршка на иновациите; и 4. Зголемување на тековите на знаења помеѓу сите учесници во процесот на развој на иновациите. Оваа стратегија и стратегијата за

претприемачко учење имаат многу допирни точки и се комплементарни, особено во однос на втората стратешка цел за зајакнување на човечките ресурси за иновации во земјата. Бидејќи иновациите вообичаено се дел од претприемаштвото, реформите на формалното образование што се поврзани со претприемачкото учење, поттикнувањето на претприемаштвото на сите нивоа на формалното и неформалното образование и промовирањето на доживотното претприемачко учење како дел од стратегијата за претприемачко учење ќе го помогнат градењето на ефективниот национален систем за иновации.

- **Стратегија и акциски план за стручно образование и обука на Република Македонија 2013 – 2020 година.** Главните цели што се опфатени во стратегијата за ССО се: 1. Зајакнување на атрактивноста, релевантноста и квалитетот на СОО и да му се овозможи да игра главна улога во промовирањето на деловната успешност, конкурентноста и иновациите; 2. Да им понуди на младите и на возрасните поразновидни и пофлексибилни можности за стекнување вештини кои ќе им бидат потребни за кариерен развој и што ќе стимулираат претприемачки дух, истовремено поттикнувајќи го нивото учество во понатамошна обука и образование и придонесувајќи за активно граѓанство и лично исполнување; и 3. Промовирање на врвен квалитет и социјална вклученост, придонесување за поголема вработливост, мобилност и сигурност на работното место, подобрување на антиципацијата и управувањето со промените на пазарот на трудот и поттикнување на деловната конкурентност. Стратегијата за претприемачко учење, како документ што има за цел да го поттикне претприемачкиот дух меѓу луѓето од сите нивоа во земјата, исто така ќе има важна улога во исполнувањето на овие цели.

- **Индустриска политика на Република Македонија 2009 – 2020 година.** Основните цели на Индустриската политика 2009-2020 г. се да придонесе за зголемената конкурентност на домашната индустрија, заснована врз знаење, иновации и истражувања, создавање стимулативна деловна и инвестициска клима и поддршка на претпријатијата во нивните напори за подобрување на нивните конкурентски предности преку стекнување знаења, нови технологии и пазари. Оваа стратегија се фокусира на мерки во следниве области: меѓународна соработка на клучните учесници во економскиот развој, применети истражувања, развој и иновации, еколошки технологии, производи и услуги за одржлив развој, развој на МСП и на претприемништвото и соработка во кластери и мрежи. Стратегијата за претприемачко учење со сопствените мерки ќе помогне во креирањето на општество со високоразвиени вештини за применето истражување, развој и иновации, како и во развојот на секторот за МСП и претприемаштвото во земјата.

- **Акциски план за подобрување на конкурентноста**. Надградувањето на претприемачките вештини и поголемиот број на претприемачки потфати во земјата ќе ја зголемат конкурентноста на компаниите од земјата.

- **Национална стратегија за развој на малите и средните претпријатија**. Иако важноста на оваа стратегија истекува на крајот на 2013 година, во тек е изготвувањето на новата стратегија што ќе има влијание врз спроведувањето на стратегијата за ПУ.

## Корелација со документите на Европската Унија

Претприемаштво во образованието е адресирано од страна на многу иницијативни на ниво на ЕУ, но една од најважните, покрај различните извештаи и истражувања, е **Агендата од Осло за претприемачкото образование во Европа (2006)**[8], која има за цел да го забрза напредокот во промовирањето на претприемачкиот начин на размислување во општеството на систематски начин и со ефективни активности.  Важен дел од агендата е давањето конкретни предлози што може да се приспособат кон локалниот контекст од страна на земјите-членки на ЕУ.

Во **Акцискиот план за развој на претприемаштвото во ЕУ 2020**[9] (Повторно будење на претприемачкиот дух во Европа), претприемачкото учење е дел од првиот столб на активности: Претприемачко образование и обука се основа за поддршка на растот и отворање нови бизниси, а главниот акцент е ставен на зголемувањето на зачестеноста и квалитетот на претприемачкото учење, признавање и потврдување на претприемачкото учење во системите на неформалното учење, во развој на механизми за отворање нови претпријатија во универзитетите и развој на ново-настанатиот универзитетски деловен екосистем во врска со адресирање на суштинските општествени предизвици.

**Повторно осмислување на образованието:** Вложување во вештини за подобри општествено-економски резултати[10] е уште еден клучен документ каде што еден од предизвиците со којшто се соочуваат земјите-членки на ЕУ и на кој треба да му се посвети особено внимание е градењето на вештини за XXI век. Повторно овој предизвик го опфаќа и претприемачкото учење:

*Вниманието треба особено да се фокусира на развојот на претприемачките вештини, бидејќи тие не само што придонесуваат за креирање нови бизниси туку и за зголемување на вработливоста на младите луѓе.*

Покрај тоа, **Актот на ЕУ за малите претпријатија (АМП)**[11] се препознава како еден од основните двигатели на политиките за оваа стратегија за претприемачко учење - од него произлегуваат сите стратешки постигнувања во областа на претприемачкото учење во претпристапниот регион. Дополнително, АМП е составен дел на стратегијата Европа 2020 за паметен, одржлив и инклузивен раст[12] и соодветната Стратегија на Југоисточна Европа 2020 - ЈИЕ2020[13] – стратегијата е ориентирана кон цели за претпристапниот регион во која се рефлектираат растот и вработувањето во ЕУ 2020. АМП претставува една од компонентите на напорите на ЕУ (и на претпристапниот регион) за исполнувањето на целите на ЕУ во однос на конкурентноста и вработувањето (економски раст и нови работни места).

Оттука оваа стратегија за претприемачко учење претставува дел од пошироките напори на земјата за интегрирање во ЕУ. Оспособувањето на малите и средните претпријатија за конкурирање на поширокиот пазар на ЕУ ќе ѝ даде поддршка на Република Македонија во исполнувањето накритериумите за пристапување кон ЕУ (критериуми од Копенхаген).

---

[8] http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/support_measures/training_education/doc/oslo_agenda_final_en.pdf
[9] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2012:0795:FIN:EN:PDF
[10] http://ec.europa.eu/education/news/rethinking/com669_en.pdf
[11] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2008:0394:FIN:EN:PDF
[12] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2010:2020:FIN:EN:PDF
[13] http://ow.ly/mRuod

Република Македонија, како постојана членка на **Центарот за претприемачко учење за земјите од Југоисточна Европа – SEECEL,** ја споделува мисијата на SEECEL за усогласување на политиките и практиките за доживотното претприемачко учење со политиките и практиките на Европската Унија. Оваа стратегија ќе ги искористи веќе развиените резултати на SEECEL во четирите основни стратешки столбови:

- Развој на клучни претприемачки компетенции (ISCED ниво 2);
- Промовирање на претприемаштвото во образованието на трето ниво (ISCED ниво 5/6) во рамките на неделовните дисциплини;
- Анализа на потребите за обука поттикната од реалните потреби за вештини на претпријатијата;
- Ширење и промовирање на добрите политики и добрите практики.

Според тоа, македонската стратегија за претприемачко учење се заснова врз клучните препораки на ЕУ за развој на претприемачкиот дух кај севкупното население.

Исто така, Република Македонија е една од земјите потписнички на стратегијата ЈИЕ 2020 во којашто претприемачкото учење е наведено како една од клучните компетенции[14]. Овој стратешки документ ќе придонесе кон спроведувањето на стратегијата ЈИЕ 2020 во Република Македонија.

---

[14] http://www.rcc.int/files/user/docs/reports/SEE2020-Strategy.pdf

# 2. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ОСНОВНИ ЦЕЛИ

## 2.1 Визија за претприемачко учење

**Македонија – земја со високо развиена претприемачка култура и дух што ги инспирира сите.**

**Република Македонија тежнее да стане земја со високо развиени претприемачка култура и дух кои не се поврзани со возраста и кои ќе ги инспирираат сите лица во општеството преку креативност, иновации, иницијативност и конкурентен став кон учењето да успеат.**

Спроведувањето на стратегијата за претприемачко учење бара сериозни заложби од креаторите на политиките и од образовните институции за да можеме соодветно да ги „опремиме“ нашите млади луѓе со претприемачки вештини и знаење. Меѓутоа, треба да биде вклучено целото општество да ги охрабри сите оние што поседуваат знаење, вештини, ставови и искуство, а сакаат да создадат можности за себе. Да се биде претприемчив значи и да се биде подготвен за работните места од иднината.

Едно од нештата што оваа стратегија сака да ги разјасни е дека претприемаштвото не е нешто што не може да се научи или практикува со цел да се развие претприемачки дух кој е во согласност со потпирањето на претприемачкото општество со претприемачки писмени граѓани. Напротив, тоа е нешто што може да се научи и да се користи. Исто така, претприемаштвото не е само за оние лица што сакаат да креираат нови бизниси, туку создава и подобро оспособени луѓе што би можеле да им помогнат на оние кои имаат или креираат нов бизнис. Подобрите компетенции за сите постојни и идни барања на работните места се алтернативен начин на сфаќање на оваа суштинска општествена потреба.

## 2.2 Мисија за претприемачко учење

Стратегијата за претприемачко учење:

- Ќе ги подобри вештините за вработливост на младите луѓе во земјата, што ќе доведе до зголемени можности за вработување на младите. Дополнително, ќе ги помогне растот на продуктивноста и конкурентноста на македонските претпријатија.
- Ќе создаде можности за сите граѓани во земјата да бидат оспособени со потребните претприемачки компетенции. Тоа нема да биде нешто што е резервирано само за поединците со „вроден талент за претприемаштво“, туку напротив, стратегијата ќе помогне да се сведе на минимум нееднаквоста на приходите и ќе понуди повеќе можности за поширок спектар на општеството.
- Ќе креира систем за доживотно претприемачко учење – преку силни претприемачки училишта, силна свест за претприемачко учење поврзано со најмодерна технологија, институционални иновации во училиштата, реформи на наставните планови на сите нивоа, континуиран развој на наставниците и ширење на најдобрите практики помеѓу сите учесници.

- Ќе ги зајакне претприемачкиот дух, претприемачкиот начин на размислување и постапување, иновативното размислување, креативноста, ставовите за преземање ризици и отвореноста кон промените - преку начелата за доживотно учење што се применети во сите сегменти на образовниот систем (формален и неформален), имено:

  - Ќе развие претприемачки поедуцирано општество што ќе доведе до одржлив економски развој и благосостојба во Република Македонија.
  - Ќе развие претприемачки начин на размислување и постапување.
  - Ќе го овозможи развојот на слободоумни, независни, креативни и проактивни млади генерации што може да го истражуваат и изразуваат својот претприемачки потенцијал
  - Ќе го овозможи развојот на успешни генерации претприемачи што ќе можат да се потпрат врз сопствените компетенции.
  - Ќе изгради иновативни/креативни мрежи на претприемачи што добиваат поддршка од локалните ресурси и институции за промовирање на македонските производи и услуги на меѓународните пазари и даваат активна поддршка на активностите за претприемачко учење во образованието.

## 2.3 Основни цели[15]

### Долгорочни цели (од 4 до 6 години)

Стратегијата за ПУ долгорочно ќе придонесе за зголемување на бројот на МСП (вклучувајќи ги младите претприемачи и жените претприемачи) со висока способност за конкурирање на поширокиот пазар на ЕУ, зголемување на бројот на новоотворени претпријатија, зголемување на бројот на нови иновативни компании со регистрирани патенти што имаат висока стапка на комерцијализација, и последователно намалување на стапката на невработеност на помалку од 25%. За исполнување на оваа цел, стратегијата за претприемачко учење:

1. Ќе го зголеми нивото на свеста помеѓу сите граѓани за значењето и важноста на претприемачкото учење на сите нивоа во земјата.
2. Ќе ги подобри компетенциите на наставниците за претприемачко учење во сите нивоа на образование – за да овозможи секој наставник да поседува претприемачка писменост со ПУ како клучна компетенција.
3. Ќе креира околина за соработка меѓу сите институции за претприемачко образование, локалната заедница, претпријатијата и семејствата, каде ќе биде овозможена поддршка на активностите за претприемачко учење на сите нивоа во земјата.
4. Ќе ги опреми сите образовни институции со најмодерните технологии за активностите за претприемачко учење на сите нивоа на образование низ целата земја.

---

[15] Детаљни објаснувања за целите на стратегијата се дадени во дел 7. „Цели и временска рамка“ на овој документ

## Среднорочни цели (од 2 до 4 години)

За да го поддржи постигнувањето на среднорочните цели, Република Македонија ќе треба да:

1. Развие и спроведе образовна наставна програма што подобро ги подготвува претприемачите да отвораат МСП што се способни да конкурираат на поширокиот пазар на ЕУ.
2. Креира повеќе вистински стартап претпријатија преку образовните институции насекаде во земјата.
3. Осигура дека се развиваат силни мрежи за поддршка на младите претприемачи.

## Краткорочни цели (за наредните 2 години)

Првичните активности што може да донесат резултати во најскоро можно време за Република Македонија вклучуваат:

1. Интегрирање на резултатите од претприемачкото учење – како клучна компетенција - во националната наставна програма на сите нивоа на образование.
2. Подигнување на свеста за важноста на претприемачкото учење помеѓу целото население.

# 3. ПРЕТПРИЕМАЧКОТО УЧЕЊЕ КАКО КЛУЧНА КОМПЕТЕНЦИЈА

Теоријата и практиката ни покажуваат дека претприемачите може да бидат создадени. Меѓутоа, важно е прашањето како тие може да се создаваат врз стратешки основи и како формалното и неформалното образование може да помогнат во создавањето на одлични претприемачи во Република Македонија, со цел да се обезбеди долгорочен одржлив економски развој и благосостојба во земјата.

Претприемаштвото (како дисциплина) се однесува на способноста на поединецот да ги претвора идеите во дела. Тоа вклучува креативност, иновативност и преземање ризици, како и способност за планирање и управување со проекти за постигнување на целите[16]. Ова ги поддржува сите луѓе во секојдневниот живот, дома или во општеството, ги прави вработените, посвесни за контекстот на нивната работа и поспособни за искористување на можностите, и обезбедува основа за воспоставување на определена социјална или комерцијална активност од страна на претприемачите.

Претприемаштвото како процес е посложен процес од оној што може да се опише преку различните наставни програми бидејќи за различни ситуации врз основа на индустријата, пазарот, културата во земјата и други фактори се потребни различни приоди во практикувањето на претприемаштвото. Во моментов, многу образовни предмети на сите образовни нивоа користат едноставна зададена околина во училница/лабораторија за обука каде што сите ученици истовремено ги испитуваат/анализираат истите проблеми. Меѓутоа, една вообичаена ситуација при решавање на проблеми со кои што се соочуваат претприемачите се карактеризира со високо ниво на неизвесност, слабо дефинирани цели, многу повеќе непознати, многу поголем притисок и многу поголемо преоптоварување со информации.

Не може да се гарантира дека класичниот образовен процес што функционирал во минатото ќе го даде вистинскиот резултат за создавањето на новата генерација претприемачи. Всушност, сите докази упатуваат на тоа дека таквиот процес нема да може да ги даде посакуваните резултати. Оттаму, традиционалното педагошко и психолошко истражување во врска со поранешните процеси за настава и учење не е и не може да биде директно применливо за претприемачкото учење.

Поради цврстите врски кои што постојат помеѓу „научната страна на претприемаштвото“ и „уметноста на претприемаштвото“, како и поради тоа што успехот на секое претпријатие во голема мера зависи токму од аспектот на уметноста која придонесува до нови уникатни и иновативни идеи во форма на нови производи или услуги што се нудат на пазарот, голем број на земји работат на спроведување на крупни промени во своите образовни системи. Помагањето на учениците да изградат повеќе вештини што се поврзани со аспектот на „уметноста“ на претприемаштвото ќе го надополни научниот аспект на знаењето како функционираат претпријатијата и како тие успеваат да се одржат во живот.

[16] http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/education-training-entrepreneurship/index_en.htm

Според Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 18 декември 2006 година[17] која се однесува на **клучните компетенции**[18] за доживотно учење, чувството за иницијативност и претприемаштво претставува една од осумте клучни компетенции.
Ова чувство за иницијатива и претприемаштво од страна на Европскиот парламент и Советот се дефинира како:

*Способноста на поединецот да ги претвори идеите во дела. Тоа опфаќа креативност, иновативност и преземање ризици, како и способност за планирање и управување со проекти за постигнување на целите. Таквите компетенции им помагаат на поединците, не само во нивниот секојдневен живот дома и во општеството, туку и на самото работното место, бидејќи со нив стануваат свесни за своето работно опкружување и способни за искористување на можностите. Тие компетенции претставуваат и темел за стекнување на поспецифични вештини и знаења што им се потребни на сите оние што создаваат или придонесуваат кон општествената и деловната активност. Тие треба да вклучат и свесност за етичките вредности и унапредување на одговорното управување.*

Во истиот документ се дадени и дефинициите за суштинските знаења, вештини и ставови што се поврзани со овие компетенции[19]:

- Потребните **знаења** содржат способност за препознавање на достапните можности за лични, професионални и/или деловни активности, вклучувајќи ги пошироките аспекти што го создаваат контекстот во којшто луѓето живеат и работат, како што е општото разбирање на економските механизми и можностите и предизвиците со коишто се соочува работодавачот или организацијата. Поединците исто така треба да бидат свесни за етичката положба на претпријатијата и за тоа на кој начин тие можат да станат сила на доброто, на пример преку чесно работење или преку социјално одговорното водење на бизнисот.

- **Вештините** се однесуваат на проактивното управување со проекти (вклучувајќи ги, на пример, способноста за планирање, организирање, управување, раководење и делегирање, анализирање, комуницирање, давање и добивање извештаи, оценување и евидентирање), ефективното претставување и преговарање, како и способноста за индивидуална работа и соработка преку тимска работа. Суштинска е и способноста за расудување и препознавање на сопствените силни и слаби страни и за проценување и преземање ризици кога таквата потреба е основана.

- Претприемачкиот **став** се карактеризира преку иницијативноста, проактивноста, независноста и иновацијата во личниот и општествениот живот, како и во работата. Претприемачкиот став ги вклучува исто така и мотивацијата и решителноста за исполнување на целите, без оглед на тоа дали се работи за лични или заеднички цели, вклучително и активностите поврзани со работата.

---

[17] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32006H0962:EN:NOT

[18] Клучните компетенции за доживотно учење претставуваат комбинација од знаења, вештини и ставови што се приспособени на контекстот во кој се применуваат. Тие се особено неопходни за лично потврдување и развој, социјална вклученост, активен граѓански живот и вработување. Клучните компетенции се од суштинско значење во општеството на знаењето и гарантираат поголема флексибилност на работната сила, дозволувајќи и побрзо да се приспособува кон постојаните промени во сè поповрзаниот свет. Тие се, исто така, значаен фактор за иновациите, продуктивноста и конкурентноста и придонесуваат за мотивацијата и задоволството на работниците и за квалитетот на работата.

[19] http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32006H0962:EN:NOT

Негувањето на претприемачкиот дух и овозможување на позитивно окружување што го поддржува претприемаштвото, според тоа, стануваат основна одговорност на севкупниот образовен систем. Најновите наоди од истражувањето што го спроведе Европската комисија упатуваат на тоа дека лицата што поминале низ претприемачките програми и активности покажуваат посилни претприемачки ставови и намери, се вработуваат побргу по завршувањето на студиите, може да бидат поиновативни, дури и како вработени во некое претпријатие, и отвораат повеќе компании[20]. Затоа, Република Македонија треба да ги вгради креативноста, иновациите и претприемаштвото во образованиот систем. Постои потреба за поттикнување на претприемачкиот начин на размислување кај младите луѓе, како и за создавање на поповолна општествена клима за претприемаштво. Образованието треба да одигра важна улога во подобрувањето на клучните претприемачки компетенции[21] на македонските граѓани.

Претприемачкото учење може да се дефинира како процес во којшто општеството креира претприемачки лица, кои не се само сопственици на нови бизниси, туку лица што поседуваат знаења и работни навики за иднината, лица што се подготвени да го променат светот на подобро, лица што даваат придонес за општеството и му враќаат на општеството што им овозможило да станат тоа што се.

Република Македонија како членка на SEECEL формално ја прифаќа нивната дефиниција за претприемачко учење преку потпишувањето на Регионалната повелба за претприемачко учење на SEECEL: „Камен темелник за раст и работни места“. Во овој документ, земјите-членки на SEECEL го дефинираат **претприемачкото учење** како[22]:

„Концепт за образование и обука кој го поддржува претприемачкиот начин на размислување и се базира врз развојот на индивидуалците, вклучувајќи ги основните начела за ефикасноста во секојдневниот живот без посебен фокус на започнување на бизниси, при што сѐ од наведеното води кон претприемачка писменост за општеството како целина“.

Покрај тоа, експертите од земјите-членки на SEECEL отидоа еден чекор подалеку и го воведоа поимот за претприемачка писменост што води кон претприемачки писмено општество како целина во коешто секој граѓанин треба да биде претприемачки писмен. SEECEL ја дефинира претприемачката писменост како:

„Концепт за образование и обука што го поддржува претприемачкиот начин на размислување (и делување) и се заснова врз развојот на поединците, вклучувајќи ги основните начела за ефикасноста во секојдневниот живот без посебен фокус на отворањето на претпријатија“.

Меѓутоа, за целите на овој стратешки документ ја користиме дефиницијата на ЕТФ за претприемачко учење: ***„Сите облици на образование и обука (формални и неформални) што придонесуваат кон развој на претприемачкиот дух и однесување со или без комерцијална цел.“***

---

[20] *„Ефекти и влијание на програмите за претприемаштво во високото образование“* за ЕК – ГД Претпријатија и индустрија, извештај изготвен од EIM Business & Policy Research, Холандија, 2012 година

[21] „Претприемаштво и чувство за иницијатива“ е една од осумте клучни компетенции за доживотно учење што им се потребни на граѓаните за лично потврдување, вклучување во општеството, активен граѓански живот и можност за вработување во општеството што се заснова врз знаење.

[22] http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%202.pdf

Потребата за претприемачкото учење бележеше и сè уште бележи постојан раст. Меѓутоа, сеуште постојат и одредени пречки за прифаќањето на претприемачкото учење. На пример, сè препознава фактот дека постои недостиг од човечки ресурси и финансии за ваков вид на образование, понатаму, сèуште е присутно многу ниско ниво на свесност за важноста на претприемаштвото за економскиот развој, итн. Освен тоа, постојат видливи тенденции во академската заедница да го поистоветат претприемачкото учење исклучиво со учењето како да се започне и води бизнис. Иако наоѓањето одржливи идеи за нови бизниси е секако голем предизвик, предизвик е исто така и развојот на луѓе коишто ќе можат проактивно да ги поддржат и подобрат сите овие видови на нови бизниси.

Клучната улога на претприемачкото учење е да ги опреми младите луѓе (но не само нив) со компетенциите што се потребни за XXI век. Покрај тоа, претприемачкото учење е средство за зголемување на социјалната вклученост; тоа може да го зголеми бројот на претприемачи – општествени/социјални и комерцијални и може да послужи како премин за поголема интегрираност на рамката од клучни компетенции за доживотно учење.

Начелно во литературата и во практиката, се користат две основни терминологии: претприемачко образование и претприемачко учење. Голем број експерти не прават јасна разлика меѓу овие поими. Многу често го користат поимот претприемачко образование за да опфатат некои работи што се дел од претприемачкото учење. Најголемата разлика меѓу двата поима е токму во вториот дел: **образование наспроти учење.** Образованието е процес на стекнување компетенции преку настава, што со едноставни зборови значи пренесување на знаењето од општеството на поединците. Од другата страна, учењето е процесот на стекнување компетенции, исто така преку настава, но дополнително и преку искуството и многу поголемата самоиницијативност на лицето што сака да научи нешто ново.

Затоа, претприемачкото учење е многу поширок поим кој предвидува широк спектар на активности што ќе го поттикнат претприемачкото размислување во општеството.

Дополнително, во последните неколку години се зголемува потенцирањето на „вработливоста“ на студентите и на вештините за „вработливост“ како резултат на севкупниот образовен систем. Во таа насока, учењето за функционирање на претпријатијата, претприемаштвото и вработливоста меѓусебно се приближуваат како концепти, но заедничко за сите нив е тоа што претприемачки ориентираните луѓе треба да бидат способни да ги забележат и искористат можностите – тоа е едно од клучните барања. „Несомнено постои преклопување ... претприемачкото образование може да ги зајакне кариерното образование и вработливоста на студентите оспособувајќи ги студентите да бидат пофокусирани на можностите, посамосвесни и подобро приспособени кон деловното опкружување“[23]

Во таа насока - „Сега, повеќе од кога било порано, ни се потребни иновации, нови решенија, креативни пристапи и нови начини на работење. Се наоѓаме на неистражен терен и потребни ни се луѓе во сите сектори и на сите возрасти што може да размислуваат неконвенционално за да ги препознаваат и следат можностите на нови начини со што ќе ги менуваат основните парадигми.“[24]

---

[23] http://www.qaa.ac.uk/Publications/InformationAndGuidance/Documents/enterprise-guidance.pdf
[24] http://www.weforum.org/reports/educating-next-wave-entrepreneurs

# 4. КЛУЧНИ ПАРТНЕРИ И ОДГОВОРНОСТИ

Главната одговорност за донесувањето и спроведувањето на Стратегијата и акцискиот план за претприемачко учење ја има Министерството за образование и наука на Република Македонија. Од организациска (оперативна) гледна точка, Стратегијата за ПУ ќе ја води Меѓуресорска група за ПУ координирана од МОН, а составена од претставници на релевантните засегнати страни. Тој исто така ќе треба да го следи и оценува спроведувањето на стратегијата и акцискиот план.

Одговорностите за иницирање и спроведување на специфичните акциски мерки се опишани во соодветните акциски планови што се дадени во прилогот кон оваа стратегија.

Долу е наведен индикативен список на засегнатите партнери; меѓутоа, овој список не е финален и постојано ќе се ажурира.

## 4.1. Меѓуресорска група за ПУ

- **Министерството за образование и наука** (МОН) е задолжено за прашањата како што се образованието, науката, технологијата и истражувањето и развојот. Покрај тоа, МОН, преку својот Сектор за наука и технолошко-технички развој, е основното министерство што е вклучено во науката и истражувањето и развојот на оперативно ниво. Тоа ги обезбедува неопходните средства за развој на науката и научното образование, националните проекти за истражување и технолошки развој и за развојот на истражувачката и технолошката инфраструктура. Исто така, како дел од неодамна донесената Национална стратегија за иновации, МОН го основа Секторот за иновации, конкурентност и претприемаштво во рамките на Министерството. Овој Сектор ќе ѝ поднесува на Владата предлог политики во областа на иновациите, ќе ги следи и анализира европските и глобалните трендови и стандарди во областа на иновациите и ќе предложува мерки за спроведување на активности во Република Македонија. Секторот, исто така, ќе го следи спроведувањето на постојните активности во смисла на иновациската активност и ќе предложува мерки во согласност со развојниот потенцијал на Република Македонија, ќе нуди мислења, сугестии и насоки за меѓународна соработка, ќе остварува меѓународна соработка и ќе го осигурува вклучувањето на сите што се инволвирани во иновациската активност во европскиот и меѓународниот иновациски простор. Главните сектори што ќе бидат вклучени во стратегијата за ПУ се секторот за основно и средно образование и секторот за високо образование.
- **Министерството за економија** (МЕ) има општа одговорност за националните стратегии за развој на МСП, странски директни инвестиции (СДИ) и индустриска политика, особено преку својот Сектор за претприемаштво и конкурентност на МСП, кој изготвува законодавни акти за МСП, обезбедува средства за центри за новоосновани претпријатија и деловни инкубатори, го поддржува женското претприемаштво, обезбедува поддршка за мрежата на деловни ангели, бизнис инкубатори и регионални организации за поддршка на бизнисите, поддршка за МСП во спроведувањето на ISO и HACCP стандардите, итн. Секторот за индустриска политика е одговорен за развојот на индустриската политика, изборот на клучните развојни области, обезбедување мерки за зголемување на конкурентноста на индустријата, организирање во кластерите, итн. МЕ беше главниот двигател за изготвувањето на Националната стратегија за иновации 2012-2020 година и МЕ ќе биде одговорно за овозможување на соодветно опкружување во однос на поддршка за

стратегијата за ПУ, особено преку осигурување на поддршката од страна на деловниот сектор.

- **Министерството за труд и социјална политика (МТСП),** покрај останатите стандардни активности, има одговорност за спроведување на сите програми за намалување на невработеноста на национално ниво. Во соработка со Агенцијата за вработување и Агенцијата за поддршка на претприемништвото во Република Македонија, МТСП спроведува неколку активни мерки за вработување (поддршка на вработувањето на младите луѓе, долгорочно невработените лица, ранливите категории, жените, итн.)

- **Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања** е предводник на агендата за политиката за иновации и за координирање на Националната стратегија за иновации. Заменикот на претседателот на Владата за економски прашања ја има општата одговорност за реформите на економските политики, вклучувајќи го деловното опкружување, МСП, СДИ и регулаторните реформи, како и за нивното координирање и спроведување.

- **Бирото за развој на образованието** (БРО) е орган кој е посебен правен субјект во рамките на МОН што е одговорен за развојот на наставните програми (цели, содржина, методологија, итн.) за предучилишно образование, основно образование и средно (гимназиско) образование. БРО изготви програми за предметот "Иновации и претприемништво" за средните училишта (во 1-ва, 2-ра и 3-та учебна година) и за предметот "Бизнис и претприемништво" во 4-та година (во 2012 година); за предметот „Иновации" во IX-тото одделение од основното образование (2014); исто така, за спроведување на содржините за иновациите и претприемаштвото во предметите математика, хемија, биологија, физика, информатика и уметност во осмо одделение во основните училишта (2013). БРО е одговорно и за реализација на обуките за развој на наставниот кадар од основните и средните училишта.

- **Центарот за образование на возрасни** (ЦОВ) е јавна установа за образование на возрасните во Република Македонија, со статус на посебен правен субјект основан од страна на Владата на Република Македонија во ноември 2008 година. Мисијата на Центарот е да промовира систем за образование на возрасни што ќе биде функционален, модерен и во согласност со ЕУ стандардите, систем што ќе обезбедува висококвалитетни можности за учење и за стекнување квалификации во согласност со потребите на населението, ќе ја зголеми вработеноста, ќе го развива претприемаштвото, ќе ги исполни потребите на пазарот на трудот и ќе придонесе за економскиот, општествениот и личниот развој.

- **Центарот за стручно образование и обука (СОО)** е основан во согласност со Владата на Република Македонија, како јавна установа за усогласување и интегрирање на јавните интереси и на интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука. Центарот врши специјализиран надзор, евалвација, проучување, промовирање и истражување и развој на стручното образование и обука, како и други задачи во согласност со својот статут и со законот. Помеѓу останатото, Центарот за СОО е одговорен за развој на националната рамка за стручни квалификации; развој на образовните стандарди (образовни профили, планови и програми), поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и во сите фази на планирање, развој и реализација на стручното образование, итн.

- **Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија – АППРМ** е установа во државна сопственост што е основана за спроведување на програма за мерки и активности за поддршка на претприемаштвото и отворањето мали претпријатија, како и други програми усвоени од страна на Владата во врска со претприемаштвото и малите претпријатија и е еден од клучните национални актери за спроведување и координирање на националната и меѓународната поддршка за секторот за МСП.

- **Агенцијата за вработување на Република Македонија** (АВРМ) е уште една релевантна јавна организација која преку голем број активни мерки за вработување го поддржува создавањето на голем број новоотворени претпријатија. Во рамките на програмата за самовработување што се спроведува заеднички со МТСП, УНДП и АППРМ во последните пет години беа создадени повеќе од 4900 нови претпријатија.

- **Бизнис-сектор** во Меѓуресорската група за ПУ, има по еден претставник од:
  - Сојуз на стопански комори,
  - Стопанска комора на северозападна Македонија,
  - Стопанска комора на Македонија,
  - Организација на работодавачите,
  - Бизнис конфедерација на Македонија,
  - Претприемачите.

Покрај овие институции во Меѓуресорската група за ПУ ќе членуваат и преставници на:

- универзитетите,
- невладиниот сектор.

## 4.2. Други национални засегнати страни

- **Министерството за финансии (МФ)** е главната одговорна институција за осигурување на националниот буџет и потребните финансии. Претставниците од МФ ја осигуруваат координацијата на државниот буџет во рамките на различни институции вклучени во спроведувањето на стратегијата за ПУ.

- **Националниот комитет за иновации и претприемништво –** НКИП е основан во 2011 година од страна на премиерот. Владата ги назначува членовите од клучни министерства, академски работници и деловниот сектор. Комерцијализацијата на иновациите и зголемувањето на нивото на иновациски активности во бизнис заедницата и во општеството како целина е главниот фокус на ова тело. НКИП е одговорен за координирање на владините политики и мерки за промоција на иновациите и конкурентноста, координирање на распределбата на буџетот во согласност со владините приоритети, следење на работата на Фондот за иновации и технолошки развој, проверка и одобрување на програми за поддршка на развојни проекти и програми на Фондот пред да влезат во владина постапка, давање препораки на владата во врска со програми и проекти од меѓународни организации за поддршка и развој на иновациски активности, редовно следење на политиките и мерките

на Европската Унија и земјите со најдобри практики во полето на иновации, и процена на нивното влијание, давање препораки и предлози на министрите за нивните активности поврзани со иновации, и давање препораки и предлози на владата во врска со деловното опкружување, правата на интелектуална сопственост, и поддршка за иновациски активности.

- **Национална агенција за европски образовни програми и мобилност.** Преку спроведување на програмите, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност придонесува за развојот на општество кое се заснова на знаење со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни мести и поголема социјална кохезија, а во исто време се обезбедува заштита на животната средина и, особено, размена, соработка и мобилност во областите на образованието и обуката. Силен фокус се става на зголемувањето на претприемачките вештини (на домашно и на меѓународно ниво).

- **Национална мрежа на едукатори за претприемаштво.** Во ноември 2011 година, Националниот центар за развој на иновации и претприемачко учење, под покровителство на Претседателот на Република Македонија, во присуство на Министерот за образование и наука и Министерот за економија, ја формираше Националната мрежа на едукатори за претприемаштво (НМЕП). Во НМЕП учествуваат професори и асистенти од универзитети и наставници кои го предаваат предметот „Бизнис и претприемништво“ и други економски предмети во средните училишта во земјата. Главната цел на мрежата е да овозможи алатки за вмрежување меѓу едукаторите за да ги споделуваат нивните најдобри практики поврзани со претприемачко учење, овозможувајќи развој на наставниците и постојано подобрување на наставната програма на сите образовни нивоа.

- **Студентски организации.** Речиси сите факултети/универзитети имаат студентски организации кои се главните двигатели на различни неформални (политички, образовни, економски или општествени) активности во универзитетските кампуси. Покрај останатите активности, студентските здруженија често организираат саеми за работа, обуки поврзани со претприемаштво, работилници кои се фокусираат на самовработливост, итн. Во таа насока, студентските организации се едни од главните двигатели на спроведувањето на македонската стратегија и акциски план за ПУ.

## 4.3. Меѓународни партнери и експерти

- ЕТФ, Делегацијата на ЕУ во Република Македонија, главните европски тела во Брисел, ЦПУЈИЕ (SEECEL), УСАИД, ГИЗ, АДА, СДЦ, СИДА, амбасадата на Обединетото Кралство, амбасадата на Норвешка, амбасадата на Турција, и други земји кои имаат билатерални спогодби со Република Македонија, итн., се очекува со поддршка на посебни активности во стратегијата за ПУ кои се во согласност со приоритетите на меѓународните институции за поддршка на Македонија да придонесат за поефикасно и поефективно спроведување на стратегијата и акцискиот план.

Спроведувањето на стратегијата бара **лидерство и координација од страна на МОН**, и значајно е да се вклучат сите останати засегнати страни за да се осигура ефективен процес на спроведување. Една од главните улоги на Меѓуресорската група за претприемачко учење ќе биде да се осигура дека постои ефективна и добро управувана средина која ги пополнува

разликите меѓу различни засегнати страни, преку создавање силни синергии и услови за соработка меѓу нив.

Меѓуресорската група за ПУ, за да осигура поефективно спроведување на стратегијата, ќе формира работни подгрупи за различни теми со цел да се обезбеди беспрекорен процес на комуникација *(Слика 1)*. Во работните подгрупи (според темата и целите), ќе има и претставници и експерти од различни институции, како што се:  Државен завод за статистика, меѓу-универзитетска конференција (најмалку 2-3 претставника од различни универзитети), Бизнис стартап центар Битола, YES инкубатор Скопје, Бизнис стартап центар Скопје, меѓународни експерти, итн.

Меѓуресорската група за претприемачко учење ќе изготви детален статут и процедури за работа, вклучувајќи ги одговорностите и планови за дејствување.




Слика 1:  Три предложени подгрупи на Меѓуресорската група за претприемачко учење и нивниот состав

# 5. ПРЕДИЗВИЦИ

Сите крупни трансформации секогаш се пресретнати со разни видови предизвици кои често пати може да бидат и многу ограничувачки при обезбедување на успешно спроведување на стратешките документи. Истото може да се случи и со оваа стратегија. Поради тоа, важно е да се изградат силни способности за справување со предизвиците преку конструктивен пристап од самиот почеток за да се обезбеди успешно спроведување на стратегијата за претприемачко учење.

Најголемите предизвици на успехот на стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија се следниве, прикажани по опаѓачки редослед според приоритетите:

- **Обезбедување поддршка од сите засегнати страни одговорни за спроведувањето на Стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија.** Значаен предизвик со кој оваа стратегија ќе треба да се справи е да обезбеди доволно силна поддршка од сите страни во процесот на спроведување. Не станува збор само за формалните и неформалните образовни институции и креатори на политики, туку постои голема потреба за градење средина на соработка, каде што сите делови на формалното и неформалното образование ќе соработуваат во создавањето на подобра иднина. Исто така, вклученоста и заложбите на претпријатијата да учествуваат во релевантни активности на стратегијата за ПУ ќе бидат едни од најзначајните фактори за нејзино успешно спроведување.

- **Ограничени финансиски ресурси, човечки ресурси и време.** Како и секогаш, ограничените финансиски ресурси, но исто така и човечките ресурси може да бидат една од најголемите пречки за успешното спроведување на стратегијата. Друг предизвик се лицата кои ќе бидат на првата линија при спроведувањето на оваа стратегија (наставници и директори на училишта) кои исто така ќе треба да вложат дополнителен труд што ќе им одземе дополнително време.

- **Креирање флексибилна наставна програма, особено во областите кои се однесуваат на претприемачкото учење поврзано со останатите наставни предмети во формалното и неформалното образование.** Овој предизвик е значаен предизвик бидејќи главната цел на наставната програма е да успее да ги подготви учениците за работни места кои сè уште не постојат на пазарот. Флексибилната наставна програма ќе го избегне високото ниво на тековното генерализирање на образовниот систем, креирајќи знаење за сè и за секого, и ќе придонесе за создавањето квалификувани лица подготвени за идните работни места кои не постојат денес.

- **Градење високо ниво на свест од учениците/студентите, родителите до наставниците и сите инволвирани страни во процесот на претприемачко учење во Република Македонија.** Учениците/студентите и наставниците имаат значајна улога во процесот на претприемачко учење, но има многу други лица кои имаат влијание на самиот процес и кои навистина може да имаат ефект врз спроведувањето на стратегијата. Поради тоа, еден од предизвиците на оваа стратегија е да се изгради навистина високо ниво на свест кај студентите, родителите, наставниците и локалната и националната заедница што ќе има поддржувачка улога во процесот на претприемачко учење.

- **Креирање програми за обука на наставници што ќе ги одразуваат вистинските потреби на денешните и идните пазари.** Развојот на наставниците е еден од

најзначајните столбови на стратегијата, и затоа креирањето програма за обука на наставници што ќе осигура успешно спроведување на стратегијата е дополнителен предизвик.

- **Вклучување и заложба на претпријатијата да учествуваат во релевантните активности на стратегијата за ПУ.** Директната вклученост на претпријатијата во образовниот процес е од клучно значење за успешно спроведување на стратегијата.

# 6. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Подрачјата со најголем приоритет за Стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија се дадени во пет главни столбови кои се образложени подолу, додека технологијата и добрите практики се двигателите на стратегијата кои ќе ја зголемат севкупната свест за ПУ и ќе доведат до реформи и континуирано усовршување на наставниците/обучувачите (давателите на услугите). Сите тие се предуслови за постигнување на одржлив економски развој и просперитет на Република Македонија.




Слика 2: **Екосистем на претприемачко учење**

Како што може да се види од сликата 2, постојат пет столба како централен дел на екосистемот за претприемачко учење во Република Македонија. Тие се темелите кои директно ќе ја дадат рамката за спроведувањето на активностите за претприемачко учење – со цел да се поддржи економскиот раст и развој на Република Македонија. Овој екосистем дефинира и дополнителни пет двигатели кои ќе го поддржат спроведувањето и континуираното подобрување на процесот на претприемачко учење во земјата.

Првиот двигател е **креирање силна свест** во целата средина во врска со вистинското значење и важноста на претприемачкото учење. Само со силна свест ќе има доволно поддршка за сите активности поврзани со оваа стратегија. Во креирањето успешен екосистем за претприемачко учење потребни се навистина темелни реформи, вклучувајќи ја регулативата поврзана со претприемачкото учење и образованието воопшто, и **континуираното професионално усовршување на наставниците** од таа област. Ова е вториот важен двигател во екосистемот на претприемачко учење што ќе се развива со оваа стратегија.  Третиот двигател е **технологијата** што значи користење современа технологија при спроведувањето активности за

претприемачко учење што ќе доведе до подобри компетенции на сите вклучени во процесот. Четвртиот двигател се **добрите практики**, што значи примена на систематски пристап во развивањето, спроведувањето и споделувањето на добрите практики кои се однесуваат на спроведувањето на активности за претприемачко учење во и надвор од земјата. На крај, овој екосистем се заснова на градење на силна **меѓународна соработка** на сите образовни институции во земјата со цел да се споделат и научат нови информации за претприемачкото учење.

Општо, на сите нивоа на формално образование, стратегијата за ПУ ќе бара зајакнување на системскиот пристап во градењето на претприемачка образовна институција  преку зајакнување на менаџерските системи и градење на стратешки алијанси/сојузи на формален и неформален начин со бизнис секторот и локалната заедница. Независно од локацијата на институциите за формално образование, големината или пак претходната историја, сите треба да имаат исти цели и треба да користат унифицирани работни процеси.

Стратегијата за ПУ нема да бара големи промени на законодавството, но за да се осигура дека оваа стратегија ќе биде целосно спроведена без импровизирање, ќе биде потребна потемелна анализа на тековното законодавство, особено во однос на овозможувањето солидни услови за стратешки сојузи и соработка меѓу претприемачките образовни институции и локалната и бизнис заедница, како и обезбедување практична работа на учениците/студентите и спроведувањето претприемачки проекти на пазарот независно од нивото на образование.

Стратегијата за ПУ ќе бара да се креираат и имплементираат посебни исходи од претприемачкото учење за сите нивоа на формалното образование, што ќе поддржи подобра интеграција на претприемачкото учење во самата наставна програма, пофокусиран развој на наставниците и нивно „снабдување“ со алатки и материјали што ќе овозможат споделување на најдобрите практики поврзани со претприемачкото учење. Соработката на институционално ниво и надвор од границите на институциите преку зајакнување на мрежата на едукатори за претприемаштво дополнително ќе го поддржи спроведувањето на целите на стратегијата за ПУ и ќе донесе континуирано подобрување на наставната програма и усовршувањето на наставниците во претприемачките училишта.

Некои од вештините кои ќе треба да се развијат преку формалното образование веќе се дел од наставната програма, но сè уште постои недостаток на систематски пристап во усовршувањето на наставниците, спроведувањето на најдобрите практики и силна свест што ќе овозможи долгорочно подобрување на претприемачката практика во образовните институции.

Во следните параграфи се опфатени главните столбови на екосистемот на претприемачкото учење. Врз основа на теоретското истражување, практичните анализи спроведени „на терен“ и најдобрите практики од други земји[25], тука се презентирани основните начела на сè она што ќе треба да се креира и развие со спроведувањето на стратегијата за ПУ.

---

[25] Наведеното истражување и анализа се спроведени како дел од извештајот „Анализа на добри практики“ за Стратегијата за ПУ

## 6.1 Основно и предучилишно образование

Основното образование, како прва фаза на формалното образование, особено во делокругот на основните предмети, е една од приоритетните области на оваа стратегија, затоа што на тој начин се создава повисока свест кај учениците уште од нивната најрана возраст.  Учењето да се биде креативен, да се работи во тим, да се решаваат практични проблеми и да се презентираат различни решенија, да се истражува и да се експериментира со нови пристапи е нешто што може да се научи од најрана возраст. Овие елементи интегрирани во  основното образование во голема мерка ќе придонесат за создавање претприемачки дух кај најмладата популација во земјата. Постојат лица кои тврдат дека на оваа возраст младите веќе го имаат вродено тој претприемачки дух окарактеризиран низ креативноста во најмладите години, но понатаму преку  стилот „учење само заради тестирање“ наметнат од образовниот систем тој дух се повеќе и повеќе сè губи како што се преминува во следните фази на образование.

Во најраната возраст учениците не се плашат да почнат нешто ново, да експериментираат со различни работи, да се обидат со различни активности, а токму основното образование може да има огромна улога да помогне овие лични карактеристики да се развијат и да се поттикнат како корисни во секојдневниот живот.

Основното образование обезбедува многу можности преку различните наставни предмети да се интегрира процесот на претприемачко учење. Учениците лесно можат да се поттикнат да учат за локалната заедница, за потребите на заедницата и практичните проблеми кои може и треба да се решат. За да се запознаат со локалната заедница, младите треба да се воведат во светот на возрасните, онаму каде што тие работат и создаваат. Основното училиште е идеално место каде што децата може да се запознаат со светот на работата каде што може да се сретнат и да зборуваат со лица од различни професии, вклучувајќи и лица кои веќе започнале со сопствен бизнис. Тоа, се разбира, може да биде во вид на игра и забава за младите ученици.

Во погорните одделенија на основното образование, учениците можат да почнат да учат за вештини кои ќе им бидат потребни во иднина, како процес на генерирање на идеи, донесување одлуки и решавање проблеми. Една од целите на основното образование е учениците да се запознаат со обврските кои ги имаат кон заедницата и да започнат со активности што ќе можат да доведат до подобрување на различни делови од животот околу самото училиште, а кои ќе бидат директно иницирани од учениците и ќе бидат многу корисни не само за нив, туку и за заедницата воопшто.

Претприемачкото учење во оваа фаза ќе треба да го развие следново кај учениците:

- самодоверба,
- креативност,
- вештини за тимска работа,
- одговорност,
- истрајност и флексибилност,
- храброст да истражуваат и експериментираат со различни работи,
- вештини за носење одлуки и решавање проблеми,
- социјални вештини,
- соработка и комуникациски вештини,

- свест за локалната заедница,
- вештини за користење на различни видови на технологија.

## 6.2 Средно образование

Средното образование како втора фаза на образовниот процес е уште една од примарните области на стратегијата за претприемачко учење во Република Македонија. Средното образование ги опфаќа средните стручни училишта и гимназии.

Во овој дел од образовниот развој, учениците имаат потреба да продолжат да ги развиваат нивните претприемачки вештини и се очекува да започнат да работат на практични проекти од генерирање идеи до целосно спроведување на претприемачки процеси. Тие можат да ги реализираат нивните претприемачки проекти со помош на нивните училишта или постојните релевантни здруженија и НВОи (меѓународни, домашни) или алтернативно, преку директен ангажман со локалната заедница – кога проектот ќе биде насочен кон решавање на конкретен проблем или потреба на специфична средина во која функционира училиштето.

Целта на  средното образование е учениците да стекнат од „прва рака“ (практично) искуство поврзано со различни можности во кариерата  . Претприемачките вештини може да се промовираат преку сите области на наставната програма и наставните предмети, како и преку посебните предмети поврзани со претприемаштвото и иновациите.

Со претприемачкото учење во оваа фаза учениците ќе се стекнат со вештини  поврзани со:

- развој на концепти,
- решавање проблеми,
- одлучување,
- градење на мрежи и вмрежување,
- откривање на можности,
- практична работа и симулирање на иновациски процес или вистински работни услови,
- знаење за започнување бизнис,
- познавања од економијата,
- финансиска писменост,
- познавања од маркетинг и продажба,
- важност на планирањето,
- важност на флексибилноста.

## 6.3 Универзитети

Високото образование е третата главна приоритетна област во овој документ поради тоа што универзитетите имаат важна улога во полето на истражување и развој и во голема мера  можат да бидат и највредната поддршка за првите претприемачки потфати на нивните студенти.

На универзитетско ниво, студентите треба да имаат можност да научат повеќе претприемачки вештини поврзани со нивната област на студии.

Преку спроведувањето на стратегијата за ПУ, универзитетите ќе му дадат можност на секој студент да изгради претприемачки вештини и ќе имаат улога на катализатор за иновации и практично трансформирање на најиновативните идеи во претприемачки потфати. Градење на услови за обезбедување на поддршка за студентите (потенцијални претприемачи) на универзитетите ќе треба да се спроведе преку создавање и поддршка на  стартап/бизнис акцелератори и инкубатори што ќе обезбедат високо ниво на „know-how“ за студентите (идни нови претприемачи), подготвувајќи ги за обезбедување на инвестиции и помагајќи им да пристапат до финансиски грантови и почетен/претприемачки капитал. Ваквите активности делумно ќе бидат поддржани со оваа стратегија, но директна улога можат да одиграат: имплементацијата на иновациската стратегија, планираните активности од таа стратегија, како и активностите на Фондот за иновации и технолошки развој.

Дополнително, универзитетите ќе треба да работат на зајакнување на студентските организации со цел да ја „вградат“ претприемачката култура и вештини во нив како поддршка за севкупниот екосистем на претприемачко учење во земјата.

Претприемачкото учење во оваа фаза ќе треба да се надогради врз постојните вештини и способности[26] со цел да се поддржи развојот на вештини поврзани со следново:

- знаења за националните и глобалните промени и трендови,
- знаења за индустријата,
- теорија за опкружувањето,
- искористување на ресурси,
- продуктивност,
- идентификација и евалвација на деловни можности,
- развивање и тестирање на бизнис модели како и подготовка на бизнис планови,
- спроведување на изготвен бизнис план и започнување на бизнис.

## 6.4 Неформално и неофицијално образование

Четвртата приоритетна област на оваа стратегија е неформалното образование. Тука се опфатени видови на образование и обука кои се надвор од формалното образование, но може да донесат дополнителни можности за образование за граѓаните на Република Македонија независно од нивната возраст – тоа е составен дел на севкупната стратегија за еко-структура.

„<u>Формалното учење</u> секогаш е организирано и структурирано и има свои цели. Од гледна точка на ученикот, тоа секогаш е намерно: односно, јасната цел на ученикот е да се стекне со знаење, вештини и/или компетенции. <u>Неофицијалното (informal) учење</u> ретко е така структурирано, нема поставени цели во поглед на исходи на учењето и често не е намерно од гледна страна на ученикот. Тоа често се нарекува: учење преку искуство или едноставно, искуство. Меѓу нив се наоѓа неформалното (non-formal) образование, односно концептот за кој најмалку постои консензус, што не значи дека постои консензус за другите две, туку едноставно дека големиот број разновидни пристапи во овој случај го отежнува консензусот. Во секој случај, за мнозинството автори, се чини е јасно дека неформалното учење е исто така организирано и

[26] Забележете дека иако овие вештини се развиваат во најраните фази на претприемачкото учење, може да биде потребно дополнување за да се осигури дека не се превидени вештините кои недостасуваат

има цели на учењето, како и формалното образование. Предноста на интермедијарниот концепт е во тоа  што  ваквото учење може да се случи на иницијатива на поединецот, но исто така тоа се случува како нуспроизвод, односно како резултат на повеќе организирани активности, независно дали самите активности имаат цели на учење или немаат.  Во некои земји, целиот сектор за образование на возрасни спаѓа во неформално учење; додека пак во други, образованието на возрасни е формално. Неформалното учење дава одредена флексибилност меѓу формалното и неофицијалното (informal) учење, што мора строго да се дефинира како оперативно, со тоа што меѓусебно се исклучуваат и треба да се избегне преклопување.“[27]

Неформалното и неофицијалното образование е најдобриот начин да се изградат можности за возрасните лица да се приклучат во процесот на претприемачко учење, и ова се однесува како на лицата што ги изгубиле своите работни места, така и на лицата кои имаат бенефицирана пензија. Исто така, тука спаѓаат и лицата кои сакаат да ги прошират своите знаења учејќи сами, на пример во текот на работата или во нивното слободно време.

Неформалното и неофицијалното образование треба да го поддржи развојот на бројни компетенции кои ќе им дозволат на поединците да ги зголемат:

- капацитетите за доживотно учење,
- посебните компетенции поврзани со видот на индустрија/сектор или хоби,
- можностите за вмрежување,
- искористување на ресурсите,
- искористување на новата технологија,
- нови можности и нови опции за кариера,
- последователни активности за зголемување на употребата на наученото,
- да поттикнат проактивен пристап во однос на самовработувањето и економската независност.

## 6.5 Претприемачи

Претприемачите, постојните  и потенцијалните, се значајна компонента на оваа стратегија за претприемачко учење. Успехот на претприемачите ќе значи успех за спроведувањето на стратегијата. Главниот фокус на стратегијата е врз младите претприемачи и условите и опкружувањето потребно за нивен успешен раст и развој.

Овој столб на стратегијата треба да се погрижи претприемачите да ги зајакнат своите капацитети за:

- проширување на постојните развиени „тврди вештини“,
- барање можности и преземање иницијативи,
- користење на технологијата, иновации и развој на нови производи,
- истрајност,
- инсистирање на квалитет и ефикасност,
- пресметано преземање ризици,

[27] http://www.oecd.org/education/skills-beyond-school/recognitionofnon-formalandinformallearning-home.htm

- систематско планирање, поставување цели и мониторинг,
- убедување и вмрежување,
- независност и самодоверба,
- собирање и пристапување до финансиски средства,
- интернационализација на нивната работа.

# 7. ЦЕЛИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА

## 7.1 Долгорочни цели: 2018 - 2020

1. **Зголемување на нивото на свест кај граѓаните за значењето и важноста на претприемачкото учење на сите нивоа во земјата**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 0-1-2 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 | Неофицијално/неформално | Претприемачи |
|---|---|---|---|---|

| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијание** |
|---|---|---|---|
| Да се изгради претприемачки свесно општество | Сите засегнати страни | Долгорочно | Средина каде што постои јасно разбирање на вистинското значење и важноста и на претприемачкото учење. |
| Да се вклучат сите засегнати страни да станат активен дел од процесот на ПУ на сите образовни нивоа во земјата | МОН, локалната самоуправа, образовни институции | Долгорочно | Повеќе засегнати страни и образовни институции ќе станат активен дел од процесот на претприемачко учење. |

2. **Да се зголемат компетенциите на наставниците за претприемачко учење на сите нивоа на образование за секој наставник да стане претприемачки „писмен“ наставник, со претприемачкото учење како клучна компетенција**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 0-1-2 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 |
|---|---|---|---|
| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијанија** |
| Да се обезбеди процес на постојан развој на наставниците во согласност со резултатите на учењето дефинирани според нивото на образование | МОН, НМЕП, | Долгорочно | Претприемачки наставници со високи компетенции за претприемачко учење, кои постојано ќе работат на зголемување на нивните капацитети за претприемачко учење |

3. **Да се создаде средина за соработка меѓу сите образовни институции, локалната заедница, бизнис секторот и семејствата и поддршка на активностите за претприемачкото учење на сите нивоа во земјата**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 0-1-2 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 | Неофицијално/неформално | Претприемачи |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијание** | |
| Да се изготват и спроведат механизми за поголема вклученост на образовните институции во активностите на локалните заедници и општините | МОН, локалната самоуправа, образовни институции | Долгорочно | Образовните институции стануваат фонд на иновативни идеи за подобрувања во локалната заедница, а во исто време овозможуваат практична работа за учениците/студентите. | |
| Да се изгради и реализира средина за постојано учење со цел да се зголеми нивото на споделување на најдобрите практики поврзани со активностите за претприемачко учење. | МОН, локалната самоуправа, образовни институции, НМЕП | Долгорочно | Постојано подобрување на процесот на претприемачко учење врз основа на најдобрите практики од сите засегнати страни. | |
| Да се зајакне Националната мрежа на едукатори за претприемаштво и други НВОи и нивните мрежи кои се занимаваат со претприемаштво, иновации и вработливост | Владата, локалната самоуправа, донатори, НВОи и граѓанскиот сектор, НМЕП | Долгорочно | Градење силни мрежи со домашни и меѓународни партнери кои се занимаваат со исти прашања и разменуваат најдобри практики | |

4. **Опремување на сите образовни институции со најсовремени технологии за активностите за претприемачко учење на сите нивоа во земјата**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 0-1-2 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 | Неофицијално/неформално | Претприемачи |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијание** | |
| Да се продолжи со опремување и систематска поддршка на сите образовни | Влада, МОН, локалната | Долгорочно | Учениците, студентите и наставниците се опремени со вистинските алатки што ќе ги | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| институции што ќе овозможи подобри наставни материјали и алатки за учениците, студентите и наставниците. | самоуправа, образовни институции | | користат во активностите за претприемачко учење за да се постигнат резултатите од учењето и да се изградат претприемачки компетенции. |
| Да се обезбеди ефективната употреба на технологијата за да се зголемат компетенциите на наставниците и учениците за претприемачко учење. | МОН, локалната самоуправа, образовни институции | Долгорочно | Повеќе наставници и ученици ќе бидат опремени со компетенции за претприемачко учење како резултат на процесот на претприемачко учење. |

## 7.2. Среднорочни цели: 2016 - 2018

1. **Развивање и спроведување наставни програми кои подобро ги подготвуваат претприемачите да основаат мали и средни претпријатија (МСП) способни да конкурираат на поширокиот европски пазар**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 0-1-2 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 |
|---|---|---|---|
| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијание** |
| Да се креира и имплементира наставна програма врз основа на SEECEL-овиот целосен пристап за клучни компетенции – интегриран пристап | МОН | Среднорочно | Оваа реформа во наставната програма ќе овозможи да се дефинираат резултатите на претприемачкото учење, програмите за обука на наставници ќе се изготват во согласност со тие резултати, менаџментот на училиштата ќе биде обучен, ќе се создадат услови за средина за структурирано образование - деловна соработка на сите нивоа |

2. **Креирање на повеќе виртуелни и поддршка на креирање вистински[28] претпријатија преку образовните институции ширум земјата**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 | | |
|---|---|---|---|
| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијанија** |
| Да се овозможат механизми за поддршка на образовните институции во однос на поттикнување на учениците/студентите да основаат виртуелни и вистински претпријатија преку нивните активности за претприемачкото учење. | МОН, МФ, МЕ, локалната самоуправа, локалната заедница | Среднорочно | Ќе се создадат повеќе новоотворени мали претпријатија со висок потенцијал, како дел од процесот за претприемачко учење. |

3. **Обезбедување на силна мрежа за поддршка на млади претприемачи**

| Неофицијално/неформално | | Претприемачи | |
|---|---|---|---|
| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијание** |
| Да се создадат механизми што ќе овозможат силна поддршка на младите претприемачи, особено преку вмрежување и менторство. | Влада, локалната самоуправа, образовни институции | Среднорочно | Младиот претприемач ќе има лесен пристап до менторство и мрежи на ментори и други претприемачи за можна соработка. |

[28] Вистински претпријатија се претпријатија кои се реални и работат надвор од училиштата и универзитетите според вистински пазарни услови

## 7.3. Краткорочни цели: 2014 - 2015

**1. Интегрирање на исходите од претприемачкото учење како клучни компетенции во националната наставна програма на сите образовни нивоа**

| Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 0-1-2 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 3-4 | Меѓународна стандардна класификација на образованието (ISCED) 5-6 | Неофицијално/неформално | Претприемачи |
|---|---|---|---|---|

| **Приоритети/активности** | **Одговорности** | **Временска рамка** | **Влијание** |
|---|---|---|---|
| Да се интегрираат веќе изготвените најдобри практики поврзани со резултатите од претприемачкото учење (најдобрите практики на ЦПУ ЈИЕ, БСЦ,YES инкубаторот, Kulturkontakt, УСАИД, Junior achievement, и други најдобри практики) | Сите засегнати страни | Краткорочни | Основа за брзо оспособување на компетенциите за претприемачко учење за ученици/студенти и наставници и иден развој на други алатки/методологии. |
| Да се продолжи со веќе докажаните најдобри практики како натпревари, презентирање на случаи, настани поврзани со ПУ, промоции и слично. | Сите засегнати страни | Краткорочни | Да се изгради посилна свест за претприемачко учење меѓу целото население |

# 8. ГРАДЕЊЕ НА ОДРЖЛИВА СРЕДИНА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ

Сè уште нема доволно докази кој вид на систем или пристап кон претприемачкото учење е најефективен, ниту како ги исполнува показателите за напредокот. Поради тоа, развивањето средина за претприемачко учење ќе се заснова врз конкретни показатели на успех (или клучни показатели) коишто ќе се мерат во текот на и по спроведувањето на Стратегијата за претприемачко учење - и според тоа, добиените наоди ќе бидат корисни за спроведувањето на евентуалните подобрувања кои ќе се јават како потребни. Овие анализи исто така може да влијаат и врз оригиналните показатели на успехот како што процесот ќе еволуира.

Нашите претпоставки се дека првото влијание на стратегијата за претприемачко учење ќе биде видливо кај студентите и учениците, бидејќи тие ќе го зголемат своето знаење, вештини и претприемачки став поради зголемените претприемачки активности од најрана возраст. Логично е оценувањето или мерењето на напредокот да започне со нив, бидејќи на крајот нивното однесување е еден од најзначајните показатели дали спроведувањето на оваа стратегија е успешно или не.

Меѓутоа, тоа не е единствената мерка кога станува збор за процесот на претприемачко учење кај студентите и поврзаниот исход. Евалвацијата на потребите за учење на учениците/студентите треба внимателно да се усогласи со добрите практики на наставниците, бидејќи и тие се од суштинско значење за успехот на оваа стратегија. Независно од тоа дали станува збор за наставници/обучувачи од формалното или неформалното образование, тие се токму оние кои ќе го овозможат патот на претприемачкото учење. Нивните претприемачки активности и пристапи ќе ја зголемат претприемачката активност на сите нивоа во земјата – преку зајакнати форми на настава и развој на соодветни резултати од учењето.  Поради тоа, развојот на претприемачкото учење е во тесна врска со процесот на учење на самите наставници, и затоа мора да биде составен дел од процесот на мерење.

Како трет важен субјект во процесот на мерење се пазарот, претприемачите, самовработените лица, работодавачите и вработените. Сите тие имаат потреба од претприемачки способности.

Развојот на клучните индикатори кои ќе бидат референтна точка за мерење на успехот на спроведувањето на оваа стратегија е една од суштинските работи за да се успее во градењето одржлива средина на претприемачко учење во земјата.

## 8.1 Клучни показатели на влијанието и клучни цели (очекувани резултати, непосредни резултати и исходи)[29]

Изготвени се следниве показатели како поддршка на ефективно и ефикасно мерење на напредокот на спроведувањето на стратегијата за ПУ. Показателите се засноваат врз истражувањата спроведено како дел од базичната анализа спроведена за стратегијата за ПУ, истражувањето на GEM[30], Извештај за глобалната конкурентност за 2013 година[31] и објективните предвидувања на работната група за стратегијата. Покрај тоа, Меѓуресорската група за ПУ ќе треба да ги следи показателите засновани врз Мониторингот на образованието и обуката на ЕУ[32], како и понатамошните показатели засновани врз стратегијата за ЈИЕ 2020 за да се осигура дека напредокот на Стратегијата за ПУ е во согласност со веќе поставените цели.

| | | 2014 | | | 2015 | | | 2016 | | | 2017 | | | 2018 | | | 2019 | | | 2020 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Показател** | **Методологија** | **О** | **С** | **В** | **О** | **С** | **В** | **О** | **С** | **В** | **О** | **С** | **В** | **О** | **С** | **В** | **О** | **С** | **В** | **О** | **С** | **В** |
| % на студенти кои имаат вистинско разбирање на значењето на иновациите и претприемаштвото | Анкета на студентите | 20 % | 30 % | 40 % | 25 % | 35 % | 50 % | 40 % | 50 % | 60 % | 55 % | 65 % | 75 % | 60 % | 70 % | 80 % | 65 % | 75 % | 85 % | 70 % | 80 % | 90 % |
| % на млади лица кои го сметаат самовработувањето како кариерна опција | Анкета на студентите | 10 % | 20 % | 30 % | 15 % | 25 % | 30 % | 20 % | 30 % | 40 % | 25 % | 35 % | 45 % | 30 % | 40 % | 50 % | 35 % | 45 % | 55 % | 40 % | 50 % | 60 % |
| % на студенти на одредено образовно ниво вклучени во претприемачки активности | Анкета на училишта и наставници | 10 % | 20 % | 30 % | 15 % | 25 % | 30 % | 20 % | 30 % | 40 % | 25 % | 35 % | 45 % | 30 % | 40 % | 50 % | 35 % | 45 % | 55 % | 40 % | 50 % | 60 % |
| % на студенти кои го напуштиле училиштето кои веруваат дека имаат компетенции да започнат бизнис | Анкета на студентите | 30 % | 35 % | 40 % | 35 % | 45 % | 55 % | 40 % | 50 % | 60 % | 45 % | 55 % | 65 % | 50 % | 60 % | 70 % | 55 % | 65 % | 75 % | 60 % | 70 % | 80 % |
| % на студенти кои се заинтересирале да станат претприемачи поради училишната настава | Анкета на студентите | 10 % | 20 % | 30 % | 15 % | 25 % | 30 % | 20 % | 30 % | 40 % | 25 % | 35 % | 45 % | 30 % | 40 % | 50 % | 35 % | 45 % | 55 % | 40 % | 50 % | 60 % |
| % на студенти кои го | Анкета на | 10 | 20 | 30 | 15 | 25 | 30 | 20 | 30 | 40 | 25 | 35 | 45 | 30 | 40 | 50 | 35 | 45 | 55 | 40 | 50 | 60 |

[29] Показателите за исходите се опфатени во 8: Цели и мерки
[30] http://www.mrfp.mk/images/docs/publikacii/pretpriemnistvo-vo-makedonija-gem2012.pdf
[31] http://www3.weforum.org/docs/WEF_GlobalCompetitivenessReport_2013-14.pdf
[32] http://ec.europa.eu/education/policy/strategic-framework/indicators-benchmarks_en.htm

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| сметаат самовработувањето како кариерна опција | студентите | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % | % |
| % на студенти кои започнале бизнис по 5 годишно образование за ПУ | База на податоци од Централен регистар, АППРМ | | | | | | | | | | | | | | | | 5% | 10 % | 15 % | 8% | 12 % | 15 % |
| Квалитет на основното образование | 4 столб: Здравство и основно образование на Извештајот за глобална конкурентност (вредност) | 3.9 | | | 4.3 | | | 4.5 | | | 4.8 | | | 5.0 | | | 5.2 | | | 5.5 | | |

| Показател | Методологија | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Квалитет на образовниот систем | 5 столб: Високо образование и обука, Извештај за глобалната конкурентност (вредност) | 4.0 | 4.3 | 4.5 | 4.8 | 5.0 | 5.5 |
| Квалитет на образование по математика и природни науки | 5 столб: Високо образование и обука, Извештај за глобалната конкурентност (вредност) | 4.5 | 4.8 | 5.0 | 5.3 | 5.5 | 5.8 |
| Квалитет на школи за менаџмент | 5 столб: Високо образование и обука, Извештај за глобалната конкурентност (вредност) | 4.0 | 4.3 | 4.5 | 4.8 | 5.0 | 5.5 |
| Достапност на услуги за специјализирано истражување и обука | 5 столб: Високо образование и обука, Извештај за глобалната конкурентност (вредност) | 4.3 | 4.5 | 4.8 | 5.0 | 5.3 | 5.5 |
| Обем на обука на персонал | 5 столб: Високо образование и обука, Извештај за глобалната конкурентност (вредност) | 4.0 | 4.3 | 4.5 | 4.8 | 5.0 | 5.3 |
| Квалитет на институции за научно истражување | 12 столб: Иновации Извештај за глобалната конкурентност (вредност) | 3.8 | 4.0 | 4.3 | 4.5 | 4.8 | 5.0 |
| Истражувачка соработка меѓу универзитети и индустријата | 12 столб: Иновации Извештај за глобалната конкурентност | 3.5 | 3.8 | 4.0 | 4.3 | 4.5 | 4.8 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | (вредност) | | | | | | |
| % на млади лица под 30 годишна возраст кои започнале сопствен бизнис | Бази на податоци од АВРМ, Централен регистар, АППРМ | 12% | 15% | 18% | 20% | 23% | 25% |
| % на невработени лица кои започнале сопствен бизнис | Бази на податоци од АВРМ, Централен регистар, АППРМ | 8% | 10% | 13% | 15% | 18% | 20% |
| % на образовни институции кои соработуваат со локални бизниси | Анкета на школи за менаџмент, анкета на наставници, анкета на студенти, анкета на неформалното образование | 55% | 60% | 65% | 70% | 75% | 80% |
| % на непретприемачи кои побарале знаење и вештини за да започнат бизнис (перцепција на способности) | Извештај на GEM | 58% | 60% | 63% | 65% | 68% | 70% |
| % на непретприемачи кои гледаат добри можности за започнување бизнис во наредните 6 месеци | Извештај на GEM | 40% | 45% | 50% | 55% | 60% | 65% |
| % на непретприемачи кои стравот од неуспех ги спречува да започнат бизнис | Извештај на GEM | 35% | 32% | 30% | 28% | 25% | 20% |
| % на непретприемачи кои очекуваат за започнат бизнис во наредните 3 години | Извештај на GEM | 30% | 33% | 35% | 38% | 40% | 45% |

| Показател | Методологија | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| % на непретприемачи кои гледаат на претприемаштвото како посакуван избор за кариера | Извештај на GEM | 72% | 75% | 78% | 80% | 82% | 85% |
| % на идни нови претприемачки активности (деловни потфати во почетна фаза) | Извештај на GEM | 4% | 5% | 8% | 10% | 12% | 15% |
| % на нови сопственици на бизнис | Извештај на GEM | 4% | 5% | 6% | 7% | 8% | 9% |
| % на претприемачки активности во рана фаза | Извештај на GEM | 8% | 9% | 10% | 11% | 12% | 13% |
| % на етаблирани сопственици на бизнис | Извештај на GEM | 7% | 8% | 9% | 10% | 11% | 12% |
| % на стапка на прекинување со бизнис | Извештај на GEM | 4% | 3% | 3% | 2% | 2% | 1% |
| % наставници кои ја примениле алатката за мерење на наставници изготвена како дел од спроведувањето на оваа стратегија | Алатка за мерење на постигањата на наставници за Претприемачко учење | 50% | 60% | 70% | 80% | 90% | 100% |
| % подобрувања на активностите на наставниците во општиот процес на претприемачко учење | Алатка за мерење на постигањата на наставници за Претприемачко учење | 20% | 30% | 40% | 50% | 60% | 70% |
| % подобрувања на активностите на | Алатка за мерење на постигањата на | 25% | 35% | 45% | 55% | 65% | 75% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| наставниците во спроведувањето различни педагошки решенија поврзани со претприемачко учење | наставници за Претприемачко учење | | | | | | |
| % подобрувања на активностите на наставниците во спроведувањето различни образовни средини поврзани со претприемачко учење | Алатка за мерење на постигањата на наставници за Претприемачко учење | 25% | 35% | 45% | 55% | 65% | 75% |
| % подобрувања на активностите на наставниците во вмрежувањето поврзано со претприемачко учење | Алатка за мерење на постигањата на наставници за Претприемачко учење | 25% | 35% | 45% | 55% | 65% | 75% |

## 8.2 Напредок

Напредокот на спроведувањето на стратегијата ќе се мери годишно, започнувајќи од првата година по почетокот на спроведувањето на акцискиот план. Напредокот ќе се мери во согласност со клучните показатели кои претставуваат дел од овој стратешки документ.

Меѓуресорската група за претприемачко учење е тело кое е одговорно за изготвувањето и спроведувањето на оваа стратегија, а МОН е едно од главните министерства одговорни за спроведувањето; тие се одговорни за координација на прибирањето и анализа на податоци поврзано со клучните показатели и за следење и проверка на севкупниот напредок на процесот на спроведување.

## 8.3 Оценување

Како динамичен документ, оваа стратегија ќе подлежи на оценувања и проверки. Мерењето на успешноста и анализата на предизвиците и добрите практики ќе помогне при обезбедување информации за проверките и ќе придонесе за систематско и постојано подобрување во рамките на процесот на претприемачко учење.

Исто така, Меѓуресорската група за претприемачко учење и МОН заеднички ќе бидат одговорни за овие оценувања и поврзаните препораки за можни подобрувања.

# 9. ФИНАНСИРАЊЕ

Потребно е обезбедување на сигурни финансии за спроведување на активностите за претприемачко учење. Притоа, како можни извори се лоцираат:

- Национален буџет (министерства и агенции),
- Буџет на локалната самоуправа,
- Сопствени фондови на училиштата, универзитетите,
- Донатори,
- Локален бизнис сектор,
- НВОи.

Буџетот за спроведување на Стратегијата за претприемачко учење е усогласен со сите планирани активности кои се опишани во акцискиот план – како интегрален дел на оваа стратегија. Меѓуресорската група за ПУ ќе ги координира сите активности поврзани со спроведување на стратегијата, вклучувајќи го планирањето и трошењето на буџетот. Водечка позиција во Меѓуресорската група за ПУ има Државниот секретар во Министерството за образование и наука.

# 10. СЛЕДНИ АКТИВНОСТИ

Претприемачкото учење е поле кое опфаќа многу различни предмети и дисциплини, оттука постои широк опсег на засегнати страни. Сите тие имаат, и ќе имаат, значајни улоги во спроведувањето на стратегијата. За успешно спроведување на овој стратешки документ, важно е да се има стабилна рамка за координација и соработка назасегнатите страни кои се вклучени во Стратегијата за претприемачко учење; тие се оние што ќе овозможат адекватни и соодветни последователни активности. Меѓуресорската група за ПУ создадена на меѓуминистерско ниво има централна улога во наредните активности во спроведувањето на овој стратешки документ и акцискиот план кој е поврзан со него.

Главната цел на Меѓуресорската  група е спроведувањето на севкупната стратегија за претприемачко учење. Таа ќе се постигне со редовно разгледување на целите и индикаторите и со вклучување на засегнатите страни во процесот на спроведување. Се предлага групата да има квартални средби со релевантните засегнати страни за да разгледаат како напредува спроведувањето на стратегијата за претприемачкото учење и што може да се подобри. Почетната точка за разгледување ќе биде годишниот извештај кој ќе ги опфаќа тековните бројки поврзани со клучните показатели од делот 8.1 од оваа стратегија. Овој извештај ќе биде основа за понатамошно мерење на напредокот.

Меѓуресорската група ќе треба да изготви годишни анкети за студентите и учениците, претприемачите и различни неформални образовни институции и да ги поврзе со клучните показатели од дел 8.1 од оваа Стратегија. Понатаму, статистичките податоци од Централниот регистар, Државниот завод за статистика, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенцијата за промоција на претприемништвото на Република Македонија и други релевантни институции кои водат бази на податоци поврзани со клучните показатели на успешност во рамките на оваа стратегија ќе бидат корисни за добивање информации за напредокот на стратегијата.

Меѓуресорската група за ПУ и посебните работни групи ќе спроведуваат и координираат годишни анкети и истражувања кои ќе бидат изготвени за таа цел, како што е прикажано на слика 1. Секоја работна група ќе биде одговорна за изготвување извештаи врз основа на истражувањето, со заклучоци и предложени идни мерки, кои ќе бидат доставени до конкретните креатори на политики и засегнатите страни за спроведување на конкретните активности поврзани со стратегијата за ПУ.

Понатаму, за да осигура дека се задржува сеопфатна и веродостојна слика на напредокот и дека последователните мерки се соодветни, Меѓуресорската група за ПУ ќе треба да обезбеди тековно оценување на стратегијата која се заснова врз истражувања од страна на надворешна организација. Ова истражување треба да даде објективни одговори дали напредокот од спроведувањето на стратегијата се движи во вистинската насока, дали заинтересираните страни ги постигнуваат своите цели, дали поставените цели на стратегијата се соодветни или се потребни подобрувања.

Редовните проверки и подобрувања на Стратегијата за претприемачко учење и нејзиниот акциски план ќе се извршуваат на секои две години  и тие ќе информираат за севкупното подобрување на временските рамки врз кои се заснова стратегијата.

# 11. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Aarhus School of Business, 2006, Entrepreneurship Education - the New Challenge Facing the Universities: A framework or understanding and development of entrepreneurial university communities (Претприемачко образование – Новите предизвици пред универзитетите: Рамка или разбирање и развој на претприемачки универзитетски заедници) (http://pure.au.dk/portal/files/32345606/2006–02_ENG.pdf)

- Alain Fayolle, 2007, Handbook of research in entrepreneurship education, (Прирачник за истражување во претприемачкото образование) Edward Elgar Publishing, Inc.

- Arthur B. Markman and Kristin L. Wood, 2009, Tools for innovation, (Алатки за иновации), Oxford University Press, Inc.

- Bjӧrn Bjerke, 2007, Understanding entrepreneurship, (Разбирање на претприемаштвото), Edward Elgar Publishing, Inc.

- Clyde Freeman Herreid Nancy A. Schiller Ky F. Herreid, 2012, Science stories : using case studies to teach critical thinking, National Science Teachers Association, USA

- Coleman Foundation White Papers Series, 2003, Entrepreneurship Education: Emerging Trends and Challenges for the 21st Century (Претприемачко образование: Трендови и предизвици за 21 век) http://labsel.pesarosviluppo.it/Modules/ContentManagment/Uploaded/CMItemAttachments/entrepreneurship%20education%20-%20emerging%20trends.pdf)

- Edward Sallis, 2002, Total Quality Management in Education, (Вкупен квалитет на управувањето во образованието) Third edition, Kogan Page Ltd, London, UK

- EIM Business & Policy Research for EC – DG Enterprise and Industry, 2012, Effects and impact of entrepreneurship programmes in higher education, Netherlands (Истражување на EIM за Генералниот директорат за претпријатија и индустрија, 2012 година, Ефектите и влијанието на претприемачките програми во високото образование, Холандија)

- Emerald Insight - Journal of Small Business and Enterprise Development Vol. 12, No. 3, 2005, Entrepreneurial learning: a narrative-based conceptual model (http://eprints.lincoln.ac.uk/870/1/uoa36dr06.pdf)

- Агенција за вработување, Програма за самовработување (http://www.samovrabotuvanje.mk/Default.aspx?LCID=239)

- ЕТФ, 2013 година, Република Македонија: Преглед на развојот на човечки ресурси

- ЕТФ, 2013 година, ТОРИНСКИ ПРОЦЕС 2012 г.:  Република Македонија

- ЕТФ, 2010г., Мапирање на политики и практики за подготовка на наставниците за инклузивно образование во контекст на општествен и културен диверзитет: извештај за Република Македонија

- ЕТФ, 2010г, Портрети на иновативни стручни училишта во ЈИЕ

- ЕТФ, 2007г., Клучни компетенции за доживотно учење: „Учење како да се учи“ и „Претприемништво“, конечен извештај за Република Македонија

- Европска комисија, 2013г., ПРЕТПРИЕМНИШТВО 2020 АКЦИСКИ ПЛАН: Поттикнување на претприемачкиот дух во Европа (http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2012:0795:FIN:EN:PDF)

- Европска комисија, 2012, Повторно размислување за образованието: Инвестирање во вештини за подобри општествено-економски резултати (Rethinking Education:Investing in skills for better socio-economic outcomes) (http://www.cedefop.europa.eu/EN/Files/com669_en.pdf)

- Европска комисија, 2012, Градење претприемачки менталитет и вештини во ЕУ (http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/regional-sme-policies/documents/no.1_entrepreneurial_mindsets_en.pdf)

- Европска комисија, 2012, Претприемачко образование во училиштата во Европа – национални стратегии, наставни програми и резултати од учењето (http://eacea.ec.europa.eu/education/eurydice/documents/thematic_reports/135EN.pdf)

- Европска комисија, 2012г., Ефектите и влијанието на претприемачките програми во високото образование, (http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/effects_impact_high_edu_final_report_en.pdf)

- Европска комисија, 2011г., Претприемачко образование: Оспособување на наставниците како критичен фактор за успех (http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/promoting-entrepreneurship/files/education/teacher_education_for_entrepreneurship_final_report_en.pdf)

- Европска комисија, 2010, ЕВРОПА 2020—Стратегија за паметен,одржлив и инклузивен раст (http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2010:2020:FIN:EN:PDF)

- Европска комисија, 2009, Претприемништво во стручното образование и обука - Конечен извештај на експертската група (http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/smes/vocational/entr_voca_en.pdf)

- Европска комисија, 2008г., „Започнете прво со мал чекор“ – „Мал бизнис“ за Европа (http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2008:0394:FIN:EN:PDF)

- Европска комисија, 2008, Претприемништво во стручното образование и обука, особено во студиите неповрзани со бизнис - Финален извештај на експертската група (ec.europa.eu/enterprise/newsroom/cf/_getdocument.cfm?doc_id=3581)

- Европска комисија, 2006г, Спроведување на лисабонската програма: Поттикнување претприемачки менталитет преку образование и учење (http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2006:0033:FIN:EN:PDF)

- G. Page West III, Elizabeth J. Gatewood and Kelly G. Shaver, 2009, Handbook of University-wide Entrepreneurship Education, Edward Elgar Publishing, Inc.

- GHK, 2011, Студија за поддршката на показателите за претприемачко образование (http://ec.europa.eu/education/more-information/doc/2011/entrepreneurship_en.pdf)

- IDA, 2010, Истражување на иницијативите за претприемачко образование (https://www.ida.org/upload/stpi/pdfs/d–4091nsfinal072910.pdf)

- Институт за управување со мали бизниси и претприемништво, Универзитет во Виена WU Vienna University of Economics and Business, 2011, Претприемачко образование во средните училишта: образовни системи, наставни методи и најдобри практики – анкета во Австрија, Финска, Франција, Германија, Италија,

Шпанија, Шведска (http://www.wu.ac.at/ricc/en/forschung/researchreports/researchreport2011_1)

- Journal of Enterprising Culture, 1997, Entrepreneurial Learning: A Conceptual Framework (http://www.worldscientific.com/doi/pdf/10.1142/S0218495897000144)
- Michael Barber, Katelyn Donnelly, Saad Rizvi, 2013, An Avalanche is Coming – Higher Education and the Revolution Ahead, Institute for Public Policy Research
- OECD, Признавање на неформалното и информалното учење (http://www.oecd.org/education/skills-beyond-school/recognitionofnon-formalandinformallearning-home.htm)
- Peter Drucker, 1985, Innovation and Entrepreneurship, Harper & Row
- QAA, 2012г, Претпријатија и претприемачко образование: Насоки за високообразовни институции во Обединетото Кралство (http://www.qaa.ac.uk/Publications/InformationAndGuidance/Documents/enterprise-guidance.pdf)
- Препораки на Европскиот парламент и на Советот од 18 декември 2006 година за клучните компетенции за доживотно учење, 2006г., Клучни компетенции за доживотно учење – Европска референтна рамка (http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32006H0962:EN:NOT)
- Совет за регионална соработка, 2013г., Југоисточна Европа 2020: Мапирање на конвергентноста и промовирање на развојот (http://ow.ly/mRuod)
- Santiago Iniguez de Onzono, 2011, The Learning Curve: How Business Schools Are Re-Inventing Education, Palgrave Macmillan, UK
- SEECEL, Претприемачко учење: Пристап на клучни компетенции – ISCED Ниво 2 (http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%202.pdf)
- SEECEL, Претприемачко учење: Пристап на клучни компетенции – ISCED Ниво 5/6 (http://www.seecel.hr/UserDocsImages/Documents/Documents%20Section/SEECEL%20-%20Entrepreneurial%20Learning%20ISCED%20Level%205-6.pdf)
- Technology Analysis & Strategic Management Vol. 18, 2006, Entrepreneurial Learning: A Conceptual Framework for Technology-based Enterprise
- Агенда од Осло за претприемачко образование во Европа (http://ec.europa.eu/enterprise/policies/sme/files/support_measures/training_education/doc/oslo_agenda_final_en.pdf)
- The University of Sheffield, 2007, Simulating Entrepreneurial Learning: Integrating experiential and collaborative approaches to learning (http://www.york.ac.uk/enterprise/cetle/docs/papers/paper_02_2007.pdf)
- Thomas Cooney: The Need for Countries to Adopt an Entrepreneurship Education Strategy (http://sponsor.ja-ye.org/pls/apex31mb/f?p=17000:1003:477605035115808:::1003:P1003_HID_ID,P1016_HID_INSTITUTION_ID:12417,31743)
- Светски економски форум, 2009г., Образување на новиот бран претприемачи (http://www.weforum.org/reports/educating-next-wave-entrepreneurs)